Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | УКИМ – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје |
| **Седиште** | Бул. „Партизански одреди“, бб, п. фах 68, 1020 Скопје |
| **Контакт информации** | +389 (0)2 3061-119, contact@isppi.ukim.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Директор проф.д-р. Бојана Наумовска<br>bojana@isppi.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2020-2023 |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | 02-303/8 и 02-303/9 од 31.03.2022 година<br>02-426/6 и 02-426/7 од 31.05.2024 година |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/**НЕ** |

Место, датум　　　　　　　　МП　　　　　　　　овластено лице на установата
(потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријаватасе користи фонт ArialNarrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолгоод една страница** по индикаторво овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци.**За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваатсо линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | УКИМ – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје |
| Седиште | Бул. „Партизански одреди“, бб, п. фах 68, 1020 Скопје |
| Веб страница | https://isppi.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисија<br>Двигател на позитивни општествени промени преку реализација на квалитетни научно истражувачки проекти и истражувачки ориентирано образование.<br><br>Визија<br>Водечка институција препознатлива по квалитетот на научно-истражувачката работа и истражувачки ориентирано образование. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Јавна |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:*<br><br>Одлука за основање од Универзитетски совет бр. 01-4/32 од 1.6.1964 година<br><br>*Студиски програми на втор циклус на студии*<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на едногодишни студиски програми од втор циклус студии по:<br>−Социологија на општествени промени (решение бр. 08-936/4 од 18.10.2021 г.)<br>−Менаџмент на човечки ресурси (решение бр. 08-935/4 од 18.10.2021 г.)<br>− Комуникации (решение бр. 08-937/4 од 18.10.2021 г.)<br>− Општествен развој (решение бр. 1404-13/3 од 22.3.2019 г.)<br>− Политички науки и човекови права (решение бр. 1409-15/4 од 28.3.2019 г.)<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на двегодишни студиски програми од втор циклус студии по:<br>− Социологија – менаџмент на општествени промени (решение бр. 1409-12/4 од 15.4.2019 г.)<br>− Менаџмент на човечки ресурси (решение бр. 1409-10/3 од 28.3.2019 г.)<br>− Комуникации (решение бр. 1404-11/3 од 22.3.2019 г.)<br>− Општествен развој (решение бр. 1404-14/3 од 22.3.2019 г.)<br>− Политички науки и човекови права (решение бр. 1409-16/4 од 28.3.2019 г.)<br>− Заедничка студиска програма од втор циклус студии по Политички науки – Интеграција и управување, произлезена од Еразмус+ КА2 проект за градење на капацитети бр. 561485 „Развој на студиска програма од втор циклус на универзитетски студии по Европски политички науки“ (решение за акредитација бр. 1409-364/2 од 21.3.2018 г.)<br><br>Решенија за почеток со работа од Министерството за образование и наука на РМ за акредитирани едногодиши студиски програми од втор циклус студии по:<br>− Менаџмент на човечки ресурси (решение бр. УП 1 бр. 08-935/4 од 18.10.2021 г.)<br>− Комуникации (решение бр. УП 1 бр. 08-937/4 од 18.10.2021 г.)<br>− Социологија на општествени промени (решение бр. УП 1 бр. 08-936/4 од |

| | |
|---|---|
| | 18.10.2022 г.)<br>− Општествен развој (решение УП 1 бр. 14-779 од 3.5.2019 г.)<br>− Политички науки и човекови права (решение УП 1 бр. 14-779 од 3.5.2019 г.)<br><br>Решенија за почеток со работа од Министерството за образование и наука на РМ за акредитирани двегодишни студиски програми од втор циклус студии по:<br>− Менаџмент на човечки ресурси (решение УП 1 бр. 14-779 од 3.5.2019 г.)<br>− Комуникации (решение УП 1 бр. 14-779 од 3.5.2019 г.)<br>− Социологија – менаџмент на општествени промени (решение бр. УП 1 бр. 14-913 од 13.5.2019 г.)<br>− Општествен развој (решение УП 1 бр. 14-779 од 3.5.2019 г.)<br>− Политички науки и човекови права (решение УП 1 бр. 14-779 од 3.5.2019 г.)<br>− Заедничка студиска програма од втор циклус студии по Политички науки – Интеграција и управување, произлезена од Еразмус+ КА2 проект за градење на капацитети бр. 561485 „Развој на студиска програма од втор циклус на универзитетски студии по Европски политички науки“ (решение за почеток со работа бр. УП 1 бр. 14-804 од 10.4.2018 г.)<br><br>*Студиски програми на трет циклус на студии*<br><br>Решенија од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за акредитација на тригодишни студиски програми од трет циклус – докторски студии по:<br><br>− Социологија на организација (решение бр. 18-23/2 од 22.6.2017 г.)<br>− Социологија на окружувањето (решение бр. 18- 23/3 од 22.6.2017 г.)<br>− Демократија во ера на глобализација (решение бр. 03-23/4 од 22.6.2017 г.)<br>− Организациски науки и управување (менаџмент) (решение бр. 17-397/2 од 27.12.2016 г.)<br><br>Решение за почеток со работа од Владата на РСМ на акредитирани тригодишни студиски програми од трет циклус – докторски студии по:<br>− Социологија на организација (решение бр. 03-896/2 од 14.10.2021 г.)<br>− Социологија на окружувањето (решение бр. 03-896/4 од 14.10.2021 г.)<br>− Демократија во ера на глобализација (решение бр. 03-896/3 од 14.10.2021 г.)<br><br>Решение за почеток со работа од Владата на РСМ бр. 40-9918/1 од 21.9.2021 година на акредитирани тригодишни студиски програми од трет циклус – докторски студии по:<br>− Организациски науки и управување (менаџмент), во организација на УКИМ Економски факултет – Скопје, Економски институт – Скопје и ИСППИ |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Вкупно 21<br>14 редовни професори<br>2 вонреден професори<br>3 доценти<br>2 асистенти |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Вкупно 12 студенти на сите програми на втор циклус студии за 2023/2024 година |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Во 1965 година , со Одлука на Универзитетскиот совет на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје е формиран Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања со задача:научно да ги проучува социолошките и политичко-правните појави во земјата, да го поттикнува и организира проучувањето на прашањата од социолошките и политичко-правните науки и од развитокот на општеството;да ги разработува и усовршува истражувачките методи во општествените науки;да работи на усовршување на научните кадри и да подготвува научен подмладок од областа на социолошките и политичко-правните науки;да обезбедува материјални и други услови за студиска и истражувачка работа;да организира разни форми на работа со стручни кадри, заради нивно оспособување за самостојна научна работа;да организира собирање на |

| | |
|---|---|
| | документација за изведување на практична настава и вежби на наставата на факултетите и општествените науки на Универзитетот во Скопје;да обезбедува настава од сите степени по општествени науки за сите факултети на Универзитетот во Скопје;да организира претставување на проблемите од областа на социиолошките и политичко-правните науки по пат на советувања, дискусии и други погодни форми;да ги обезбедува и непосредно соопштува резултатите од својата научноистражувачка работа;да издава публикации;да развива сестрана научна соработка со соодветните установи, организации и поединци што се занимаваат со проучување на социолошките и политичко-правните науки во земјата и странство.Основан во 1965 година, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) се профилира како водечка јавна институција во земјата посветена на истражувачка работа во областа на општествените науки. Иако називот на Институтот експлицитно се однесува на три централни дисциплини во рамките на поширoката област на општествените науки, тематскиот опфат на ИСППИ е многу поголем. Низ годините, ИСППИ активно учествувал во разновидни истражувачки активности кои опфаќаат и организациски науки и управување, комуникациски науки, психологија, антропологија, јавна управа и администрација, демографија и социјална политика. Дополнително, ИСППИ од 1980-тите години па натаму спроведува академско образование во некои од споменатите тематски области на втор и трет циклус студии (магистерски и докторски програми). Како составен дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ има децениска традиција, обележана со ригорозни научни истражувања, објавување на трудови, организирање на академски настани и создавање на следните генерации на истражувачи. Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања денес има акредитација за реализација на пет студиски програми од втор циклус на студии и тоа: Социологија на општествени промени; Политички науки и човекови права; Менаџмент на човечки ресурси; Комуникации; Општествен развој како и четири програми на тртиот циклус на тудии и тоа Социологија на организација: Социологија на окружувањето; Демократија во ера на глобализација; Организациски науки и управување (менаџмент) – заедничка студиска програма со Економски факултет и Економски институт. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и научно-истражувачката дејност:<br>1. Простории за работа со студенти: предавални со површина: 172,53 м2; - компјутерска училница - предавална (1): 33,97 м2; 2. Кабинети за наставен и соработнички кадар: 306,33 м2; 3. Библиотека, читална: 18,35 м2.<br>Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката: Централни единици (ком. 46); Монитори (ком. 43); Лаптопи (ком. 47); Проектори (ком. 3); Таблети (ком. 35); Графоскопи (ком. 2); Платно за графоскоп (ком. 1); Електронска табла (ком. 1); Скенер (ком. 2); Печатачи (ком. 9); Факс (ком. 1); Факс/печатач (ком. 1); Фотокопир (ком. 1); Телефони (ком. 27); Телефонска централа (ком. 1); Конференциски маси (ком. 2); Табли за пишување (ком. 2); Столчиња (во предавални) (ком. 53); Канцелариски бироа (ком. 32); Канцелариски столчиња (ком. 28); Маси (во предавални) (ком. 16); Витрини (библиотека) (ком. 18); Машина за вкоричување (ком. 1); Метална машина спирали (ком. 1)и др.<br>Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, научно-истражувачката работа и мобилноста на студентите:<br>Институтотзасоциолошки и политичко-правниистражувања-Скопје има потпишано договори за соработка со следните високообразовни установи од странство:School of Advanced Social Studies SASS, Nova Gorica, Slovenia – договор за соработка од 30.10.2013 година;University of Prishtina “Hasan Prishtina”, R. Kosovo; декември 2013 година;Бугарска академија на науките, Институт за социологија – договор за меѓусебна соработка, декември 2013 година;Jagiellonian University in Krakow, Poland, септември 2014 година;European College of Kosovo, септември 2014 година;Катедра за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Палацки“ во Оломоуц, Чешка, октомври 2009 година; University of Salzburg, Austria, 2017-2021 |

| | |
|---|---|
| | • University of Antwerpen, Belgium, Erasmus+ Agreement for mobility, 2017-2021; University of Malta, Malta, Erasmus+ Agreement 2017-2020/1; Universita degli Studi di Pavia Erasmus+ Agreement 2017-2020/1; Universita degli Studi di Firenza Erasmus+ Agreement 2019/2020; Институт за општествени науки – Белград, Србија; Western Carolina University (WCU), 2022 година; Универзитет во Ниш, Србија; Институт за српска култура Приштина-Лепосавиќ, Косово и Метохија, 2022 година.<br>Институтот остварува меѓународна соработка и преку учеството во: CESSDA – Consortium of European Social Sicence Data Archives (Конзорциумот на европските архиви на податоци за општествени науки) https://www.cessda.eu/ и ESS – European Social Survey (Европското општествено истражување) https://www.europeansocialsurvey.org/.<br>Соработката со високообразовните установи од странство, Институтот ја остварува преку организирање размена на научноистражувачкиот кадар, размена на информации за научноистражувачки проекти, меѓусебна поддршка во подготовка и имплементирање на научноистражувачки проекти, поддршка во организирање на меѓународни работилници, симпозиуми, конференции иконгреси, меѓусебна поддршка во активности од издавачката дејност и др. Мобилноста на студентите е предвидена преку програмите ЕРАЗМУС+.<br>Студиско подрачје или уметничка дисциплина според официјалната класификација на научно-истражувачки подрачја (Според Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 год) за кои е добиена акредитација: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ - 504. Социологија; 506. Политички науки; 505. Право; 508. Медиуми и комуникации; 502. Економија и бизнис.<br>Универзитетот во чиишто рамки е високообразовната установа подносител на барањето за акредитација е прворангиран на општата ранг-листа на рангирани универзитети во РС Македонија:<br>1. University Ss. Cyril and Methodius – Skopje<br>2. University “Goce Delcev” – Stip<br>3. Southeast Europe University – Tetovo<br>4. State University in Tetovo<br>5. University “Ss. Kliment Ohridski” – Bitola<br>North Macedonia \| Ranking Web of Universities: Webometrics ranks 30000 institutions<br>ИСППИ го спроведе Европското општествено истражување – 10-ти бран и со тоа Р.С. Македонија се вклучи во ЕОИ: https://www.europeansocialsurvey.org/. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Научно-истражувачката дејност е стожер на работата на ИСППИ. Податоците од анкетата покажуваат дека наставно-научниот кадар во најголема мера гледа на научно- истражувачката работа како своја примарна дејност, по што следат наставната и апликативната дејност. Дополнително, податоците покажуваат и дека кадарот во иднина очекува да се бави најмногу со научно-истражувачка работа. Темите од интерес кои ги има кадарот и истражувачките методи кои се употребуваат се разнолики и претставуваат силна страна на ИСППИ според СВОТ анализата.Според институтската анкета, подигнувањето на квалитетот на истражувачката работа е приоритет за иднината за кадарот на ИСППИ со средна оценка од 4,3 на скала од од 1 („не треба да биде приоритет“) до 5 („треба да биде еден од најзначајните приоритети“). Кадарот на ИСППИ исто така високо ги вреднува и останатите приоритети поврзани со научно-истражувачката работа: учеството на меѓународни проекти е приоритет со доделена средна оценка од 4,7 а учеството во национални истражувачки проекти со 4,26.Поврзано со овие констатации, персоналот на ИСППИ високо го вреднува подобрувањето на работните услови и техничката опременост како приоритети за иднината: двата приоритета добија високи средни оценки од 3,93 и 4,08 соодветно на скала од 1 („не треба да биде приоритет“) до 5 („треба да биде еден од најзначајните приоритети“).ИСППИ е исто така дом на Архивот за податоци од општествените науки во Република Северна Македонија (МК-АИПОН) и една од ретките институции во земјата којаима развиено капацитети за архивирање на научни истражувања. Во моментот Архивот не е во функција поради неможноста да се обезбедат средства за редовно |

| | |
|---|---|
| | фунционирање на истиот. Сепак, целосното воспоставување на Архивот треба да остане цел за ИСППИ во следниот петгодишен период. Кадарот на ИСППИ на воспоставувањето на Архивот гледа како еден од приоритетите за иднината - овој приоритет има средна оценка од 4,04, додека развојот на истражувачката инфраструктура (библиотека и репозиториуми) има средна оценка од 4,07.<br>Во изминатите години ИСППИ даде значителен придонес за општествената наука во земјата преку првата имплементација на Европското општествено истражување во Република Северна Македонија (10-ти бран). За 11-тиот бран, Министерството за образование и наука одби да потврди средства, со што се отвора потреба за посилен ангажман во оваа смисла. Продолжувањето на учеството на ИСППИ во ЕОИ е значајно за целокупниот квалитет на научно-истражувачката работа во земјата.<br>Ви Институтот постои потенцијал за реализација на поголем број активности кои треба да резултираат со зголемен квалитет и обем на научно-истражувачката работа во ИСППИ по истекот на петгодишниот период. Ќе се цели да се зголеми бројот на надворешно финансирани научно-истражувачки проекти во ИСППИ (преку зајакнато информирање за повици, обуки за подготовка на проектни апликации и задолжителни апликации како дел од работните обврски), но и да се спроведе застапувачки притисок за значителни промени во буџетските издатоци за наука. Ќе се цели да се зајакне и логистичката поддршка за научни истражувања, библитечната поддршка, како и да се имплементираат активности на лобирање кон целосна операционализација на МК-АИПОН и продолжување на учеството на ИСППИ во ЕОИ. Конечно, ќе се цели и кон зајакнување на истражувачките вештини кај персоналот на ИСППИ преку креирање и имплементација на план за обуки за истражувачки методи.<br>СВОТ анализата откри дека една од главните силни страни на ИСППИ е токму кадровскиот потенцијал. Кадарот на ИСППИ предничи со експертиза во своите области, е соодветен според бројност и претставува мешавина од главно искусни професори со помалку искусни колеги. Во изминатите години, ИСППИ презема чекори за подмладување на својот кадар, но постојаните слабости поврзани со бројните ограничувања во однос на ангажирање на нов кадар продолжуваат да претставуваат проблем за редовното функционирање на Институтот. Дополнувања на административниот кадар се несомнен приоритет во годините кои доаѓаат - особено за позициите генерален секретар, референт за студентски прашања и советник за наука и образование. Институтот има потенцијал дури и да го подобри квалитетот на внатрешната комуникација и соработка (колегијалноста) - квалитетот на овие две пракси беше оценет со средни оценки од 2.93 и 3.07 соодветно, на 1-5 скала. Отвореноста за споделување информации од раководниот кадар со останатите вработени беше пак оценета со средна оценка од 3.74 (на скала од 1 до 5). Подигнувањето на работната атмосфера беше оценето како значаен приоритет за иднината од страна на кадарот на ИСППИ: овој приоритет доби висока средна оценка од 4,19 на 1-5 скала. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Според СВОТ анализата, една од главните посочени слабости во функционирањето на ИСППИ претставувааат условите за работа, сфатени како инфраструктурни услови за спроведување на настава, научно-истражувачка, апликативна и административна дејност, како и опременоста со соодветна работна опрема. Во спроведената анкета, персоналот на ИСППИ ги процени условите за наставно-научна работа, настава и апликативна дејност со средни оценки кои варираат од 2,81 до 2,88 на скала од 1 („недоволни услови“) до 5 („одлични услови“), додека условите за административна работа беа проценети нешто повисоко, со просечна вредност од 3,24. Институтската опременост со опрема за работа исто така беше оценета со релативно ниска просечна оценка од 2,81 на скала од 1 (недоволна опременост) до 5 (целосна опременост).Во изминатите децении ИСППИ загуби голем дел од буџетското финансирање за научно-истражувачка работа, но успеа и да развие соодветни капацитети за прибирање на средства преку проектни апликации до други донатори. ИСППИ, исто така, често спроведува проекти кај кои финансиските средства се ниски или непостоечки. Со оглед на тоа дека просторот за |

| | |
|---|---|
| | придобивање средства за научно-истражувачка работа е најширок кај компетитивните конкурси, постои потреба за континуирано зајакнување на квалитетот на проектните апликации со цел обезбедување средства за научно-истражувачка работа. Од друга страна, со оглед на фактот дека домашното буџетско финансирање на науката е скоро непостоечно, потребно е структурирано и здружено делување на засегнатите страни со цел промена на актуелните политики. ИСППИ, како засегната страна, може да одигра конструктивна улога во оваа смисла.<br>Наставната дејност е следен важен аспект од работата на ИСППИ. Во моментот, Институтот нуди студиски програми од втор и трет циклус студии по политички науки, социологија, менаџмент на човечки ресурси и комуникации. ИСППИ, исто така, учествува во една меѓународна програма од политички науки - ПОСИГ. Сепак, бројот на студенти е на изразено ниско ниво во споредба со минатите децении. Малиот број на студенти и особено намалениот интерес за студирање во последните години беа посочени како клучни проблеми од страна на персоналот во СВОТ анализите. Привлекувањето на студенти е посакуван приоритет за кадарот - за овој приоритет беше доделена средна оценка од 4.15 на скала од 1 („не треба да биде приоритет“) до 5 („треба да биде еден од најзначајните приоритети“) во рамки на анкетата.ИСППИ има децениска издавачка традиција на научна литература. Сепак, според перцепциите присутни во институтската анкета, издавачката дејност во моментот е погодена од одредени слабости. Квалитетот на публикациите на ИСППИ е проценет со средна оценка од 3,38 а тој на Годишникот со 2,67 на скала од 1 („квалитетот е недоволен“) до 5 („квалитетот е одличен“). Истовремено, подигнувањето на квалитетот на Годишникот е еден од најпосакуваните приоритети за кадарот на ИСППИ (според анкетата овој приоритет добива средна оценка од 4.22). Дополнително, високо мнозинство од Институтскиот кадар би сакал да објавува повеќе авторски книги (85,7%) а нешто над половина сакаат да објавуваат повеќе уредени монографии (52,6%).Видливоста на ИСППИ беше посочена како значајна слабост во СВОТ анализата и во спроведената анкета меѓу кадарот на ИСППИ. Кадарот на ИСППИ е само со просечна оценка од 2,4 задоволен од медиумската покриеност на својата истражувачка работа и со исклучително ниски 1,4 во однос на задоволството од искористеноста на истражувачката работа од државните институции (скала од 1 „Воопшто не сум задоволен“ до 5 „Целосно сум задоволен“). Воедно, кадарот на ИСППИ смета дека подобрувањето на видливоста на истражувањата на ИСППИ е еден од најзначајните приоритети (средна оценка од 4,48), како и унапредувањето на веб-страницата (4,56), додека самиот моментален квалитет на веб-страницата е проценет со ниски 1,86. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

# Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| **Политики за обезбедување на квалитет**<br>Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје ја заснова својата политика за обезбедување на квалитет преку спроведување на сите документи како што се Статутот на Универзитетот, Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Стратегијате за обезбедување квалитет на Универзитетот. Високообразовната установа при спроведувањето на постапката за внатрешно обезбедувањена квалитет односно постапката за самоевалуација, се раководат од стандардите и индикаторите заквалитет на високото образование, утврдени во Правилникот за стандардите и постапката занадворешна евалуација и самоевалуација.<br>Стандардите и индикатори за квалитет кои се следат се:- Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет;- Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми;- Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;- Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати;- Стандард 5 - Наставен кадар;- Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите;- Стандард 7- Управување со информации;- Стандард 8 - Информирање на јавноста и- Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација.<br>Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања има и сопствени документи преку кои подетално се преземаат активносати за подобрување на квалитетот, како што се Програмата за работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања –Скопје во периодот 2022-2025 година, како и Стратешкиот план за периодот 2024-2028 година, што се поврзани со унапредување на наставно-образовниот процес и воспоставување на механизми за унапредување на неговиот квалитет. | |
| **Прилози**<br>Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет:<br>1) Закон за високото образование(Службен весник на Република Македонијабр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021);линк<br>2) Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација исамоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/2022);линк<br>3) Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетскигласник бр. 425/2019);линк<br>4) Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024);линк<br>5) Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје (2024 – 2029);линк<br>6) Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетотна Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици(Универзитетски гласник бр.674/2024);линк<br>7) Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирили Методиј“ во Скопјелинк<br>8)Програма за работа на ИСППИ –Скопје 2022-2025 линк<br>9) Стратешки план за развој на ИСППИ – Скопје 2024-2028 линк | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); |

| | |
|---|---|
| алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

**Систем за обезбедување на квалитетот на наставно-образовниот процес**

Институтот редовно спроведува евалуации и самоевалуации кои ги опфаќаатстудиските програми, предметите, наставниот кадар, работата на студентските служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Имаме постдипломски студии во неколку научни области, како и неколку докторски студиуми.

НаИнститутот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, досега, при заверката на секој семестар, студентите имаа обврска од пополнување анкетен прашалник предложен од Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година во кој се бара да го оценат секој наставен предмет што го следеле во текот на соодветниот семестар. Студентите на ИСППИ редовно беа членови на комисиите и поткомисиите за самоевалуација. Тие учествуваа во извештајот за евалуација за 2020 година при подготвување на анкетата и незјино администрирање. Анкетата беше анонимна а наставниците се оценети со високи оценки со просечна оцена над 9 (скалата е од 5 до 10).

Во сила е и новото Упатсво и според Член 4 Постапката за самоевалуација започнува и се спроведува координирано на сите единици наУниверзитетот.По завршувањето на постапката за самоевалуација на единиците, започнува и постапката засамоевалуација на Универзитетот.

Согласно член 14 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Институтот за социолошки и политичко-пеавни истражувањас-Скопје, во текот на месец октомври 2022 година се спроведе анкета за функционирањето на студиската програма по Организациски науки и управување (менаџмент), за академската 2021/2022 година. Со анкетата беа опфатени студенти запишани на докторски студии кои го завршиле вториот и шестиот семестар од докторските студии. Предмет на евалуација беа сите активности предвидени со докторските студии по одделни семестри. Прашалникот кој се користеше е прашалник изработен од страна на Школата за докторски студии. Резултатите од спроведената евалуација, за академска 2021/2022 година сугерираат дека студентите задоволително ги оценуваат и вреднуваат предвидените активности во вториот и шестиот семестар.

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје има и заедничка студиска рограма со Универзитетот во Салцбург за што ја презентираме и Евалуацијата направена за оваа студиска програма. Оваа студиска програма “Joint Master’s Programme in Political Science – Integration and Governance” (PoSIG)се организира на меѓународни стандарди на учење за политички науки во согласност со ниво 7 од Европската рамковна квалификација за втор циклус во согласност со Европската област за високо образование (заедно со 9 партнер институции) во областа на компаративна политика, европски интеграции, меѓународни односи, јавна администрација и политика, политичка теорија и методологија.

**Прилози**

Информација за системот и алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование:

1) Редовни извештаи од самоевалуациите од последните 5 години линк

2) Извештај по спроведена анкета за функционирање на студиска програма од трет циклус студии по Организациски науки и управување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје,Арх. Бр. 09-1043/1 од 22.12.2022 година. (Прилог 1.2 А)

3) Self-Report for the External Assessment of the Joint Master’s Programme in Political Science – Integration and Governance (PoSIG)

Accreditation following the European Approach for Quality Assurance of Joint Programmes, *March 2024*(Прилог 1.2 B)

Прилог 1.2.А - Извештај по спроведена анкета за функционирање на студиска програма од трет циклус студии по Организациски науки и управување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, Арх. Бр. 09-1043/1 од 22.12.2022 година.

Прилог 1.2.В - Self-Report for the External Assessment of the Joint Master’s Programme in Political Science –

Integration and Governance (PoSIG), Accreditation following the European Approach for Quality Assurance of Joint Programmes, March 2024.

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

**Посветеност на развојот и унапредување на квалитетот на образованието**

Нашите студиски програми се организирани во неколку области и тие се прилагодени на потребите на студентите. Наставата по предметите најчесто се одвива менторски во секоја студиска програма преку (консултативна-инструктивна настава) согласно Правилниците за студирање на УКИМ на Втор и на Трет циклус на студиина УКИМ. Двата Правилници се цитирани како документи и од нив се дадени линкови (документи 1 и 2).

Согласно овие правила, донесовме и Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, Универзитетски гласник, Бр. 558, 20 август 2021.

Институтот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Во рамките Институтот функционира Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница, блиски до нашите студиски програми. Тие даваат мислење за подобноста на студиските програми за развојните потреби на општеството и поширокатa заедница.Извештаите на Одборот за соработка и евалуација ни помагаат да ги координираме нашите одлуки во согласност со потребите и оптествениот контекст.

Студентите редовно преку анонимни прашалници даваат мислења за наставните предмети инаставниците и даваат насока за евентуални корекции и натамошно подобрување на квалитетот на наставниот процес а со тоа и на образованието. Истовремено, студентите се дел од Комисијата за самоевалуација со што се обезбедува нивна вклученост во процесот на проценка на развој и унапредувањее на квалитетот на образовната и научноистражувачка дејност.

Процесот на самоевалуацијата и извештаите што произлегуваат од неагиидентификуваат и ги посочуваат предностите, слабостите, заканите и можностите на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и даваат препораки за подобрување на квалитетот на институцијата и посветеноста на развојот и унапредување на квалитетот на образованието.

**Прилози**

Одлуки, извештаи или препораки, заедно со конкретни примериза вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.

Релевантни документи:

1) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

2) Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

3) Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, Универзитетски гласник, Бр. 558, 20 август 2021 (Прилог 11)линк.

4) Записници од мислења од седници на Одборот за доверба и соработка на ИСППИ, за Втор циклус на студии, со Арх. бр. 03-797/1, бр. 03-797/2, бр. 03-797/3, бр. 03-797/4 и бр. 03-797/5 од 25.10.2023 година

5) Записници од мислења од седници на Одборот за доверба и соработка на ИСППИ, за Трет циклус на студии, со Арх. бр. 03-4/1 од 05.01.2023 година

Прилог 1.3.А - Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 02-259/1 од 07.04.2020.

Прилог 1.3.B, Прилог 1.3.C, Прилог 1.3.D, Прилог 1.3.E, Прилог 1.3.F, Прилог 1.3.G - Мислења на Одборот за соработка и доверба на ИСППИ за пет студиски програми на последипломски стрдии и за еден доктортски студиум.

Прилог 1.3H - Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот

| | |
|---|---|
| „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, Универзитетски гласник, Бр. 558, 20 август 2021 | |
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

**Тело за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет**

Во 2022 година ИСППИ со одлука на Научниот совет формираше Комисија за самоевалуација составена од седум членови од кои два студента, со мандат од три години.Оваа комисија имаше за цел да го спроведе редовниот извештај за самоевалуација на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања. Во меѓувреме се смени целосната политика и методологија за пто беа донесени и нови акти и правилници. Документите се наведени во Индикатор 1.1.

Во 2022 година ИСППИ со одлука на Научниот совет формираше поткомисија на Комисијата за самоевалуација составена од пет членови од кои два студента.

Во 2024 со две одлуки Научниот совет избра студенти како члченови на Комисијата за самоевалуација и Поткомисијата за самоевалуација.

Во 2024 година, согласно новите законски прописи и регулативи усвоени од УКИМ, со одлука на директорот ИСППИ формираше и Совет за квалитет, тело составено од пет членови, со мандат од три години, кои континуирано треба да се грижи за унапредување на наставно-образовната дејност. Овој Совет за квалитет согласно Комисијата за евалуација и нивниот годишен извештај, треба да изработи Годишен акциски план заедно со директорот на единицата. По овој извештај секоја единица на УКИМ треба да изготви Годишен извештај за реализација на Акцискиот план.

**Прилози**

Акт за формирање на телото;

Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници

1) Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација на 31.03.2022 линк

2) Одлука за формирање на поткомисија за самоевалуација на ИСППИ линк

3) Одлука за избор на членови на комисија за самоевалуација од редот на студентите 31.05.2024 (Прилог 16)

4) Одлука за избор на поткомисија за комисија за самоевалуација за студентите 31.05.2024 (Прилог 17)

5) Одлука за формирање на Совет за квалитет во рамките на процесот за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, мај 2024 г.линк

1.4.А– Одлука за избор на членови на комисија за самоевалуација од редот на студентите 31.05.2024 (Прилог 14)

1.4.В – Одлука за избор на поткомисија на комисија за самоевалуација за студентите 31.05.2024 (Прилог 15)

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

**Институтот редовно ги анализира информациите донесени од системот за обезбедување квалитет и носи мерки за подобрување на студиските програми**

Научниот совет на ИСППИ на седницата одржана на 13.11.2012 година донесе одлука заформирање на Комисија за самоевалуација со цел да претстави краток и содржаен преглед на наставно образовниот процес на ИСППИ, како и неговата основна дејност:научно-истражувачката работа и да ги анализира силните и слабите страни на ИСППИ.Целта бешеда се безбеди основа која ќе послужи за вршењеевалуација што ја спроведува Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“, како и за вршење нанадворешна евалуација што ја врши Одборот за акредитација и евалуација на високотообразование. Првата самоевалуацијата на УКИМ “Институт за социолошки и политичко-правниистражувања“ се спроведе во декември 2013, а втората во декември 2016 годинасогласно Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот наединиците на УКИМ, а во соработка со наставно-научниот кадар на ИСППИ, студентитена студиските програми при ИСППИ и административниот кадар вклучен воорганизацијата на наставно-научниот процес како и управувачкиот кадар.

Анализата за наставниот процес и насоките за подобрување во Извештајот од 2017 година беше дадена во делот - Точка 2 Образование:

| |
|---|
| Да се подигне квалитетот и диверзитетот на постдипломските студии соупотреба на напредна истражувачка методологија, примена на новите достигања во секоеподрачје на студирање и подобрување на инфраструктурните услови за студирање.ИСППИ се стреми кон создавање услови во кои нашите студенти ќе бидат вожможност да се развиваат на академски и професионален план со создавање на атрактивна средина заподдршка. За да се достигне оваа цел фокусот се насоќи кон:зголемување на бројот и диверзитетот на студентите;зајакнување на улогата на вработените за пренесување на академското знаење иискуство на студентите;извонредност во учењето и наставата; иконтинуирано усогласување на високообразовната дејност со Законските одредби.<br>Понатаму, потребно е да се работи во насока на изградување на репутација наИСППИ за академска извонредност со обезбедување на висок квалитет на настава совклученост на истражувачки резултати во наставата, настава што ги воведува студентите вонајновите научни сознанија во одбраните предмети, што, пак, ќе им овозможи развивање накритичко мислење и интелектуална синтеза, а воедно ќе ги обучи со вештини кои сепреносливи и потребни во светот на работата.<br>Студиските програми на ИСППИ се интегрирана во кредит-трансфер системот и нудат голем избор на современи студиски програми (од кои повеќето се први одтаков карактер, основани во земјата), со јасно дефинирани цели на студискитепрограми кои во детали го опишуваат соддветниот студиум, со предметни содржиникои целосно ги исполнуваат зададените цели на студиумите и во целост соодветствуваатсо диполомата со која се стекнуваат студентите по завршувањето, со можност заотворање на студиски програми со меѓународен карактер (joint degree) со партнерски институции од реномирани универзитети во ЕУ. Во овој сегмент, истакната е инелојалната внатрешна конкуренција во рамки на УКИМ (отворање на идентичнистудиски групи на другите единици), како и нелојалната конкуренција од одреденидржавни и приватни универзитети (ниски критериуми, скромни барања, слабквалитет). |
| **Прилози**<br>Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.<br>1) Извештај за самоевалуација за 2017, 2018 и 2019 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истраувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методија„ во Скопје (Прилог 1) – линк.<br>2) Извештај од самоевалуациите спроведени за студиските програми од Втор циклус на студии во 2021 година, Арх. Бр. 03-1248/1 од 20.12.2021 година.(Прилог<br>3) Извештај за Самоевалуација на ИСППИ, бр. 02-122/18-1, 31.01.2017 година – линк.<br>4) Извештај за евалуација за (joint degree) со Универзитетот од Салцбург.Self-Report for the External Assessment of the Joint Master's Programme in Political Science – Integration and Governance (PoSIG)<br>Accreditation following the European Approach for Quality Assurance of Joint Programmes, *March 2024*(Prilog 1.2 B)<br><br>Прилог 1.5. А - Извештај за Самоевалуација на ИСППИ, бр. 03-1248, 20.12.2021 година. |

| | |
|---|---|
| 1.6.Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата.<br>Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани.<br>Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

| |
|---|
| **Обезбедување на квалитетот во установата како континуиран процес преку извештајот од надворешната евалуација и редовно следење на установата**<br>Последната надворешна евалуација на Универзитетот, каде што припаѓа и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје е спроведена од 16 до 20 октомври 2017 година од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на Универзитети, во Брисел. Во Извештајот се дадени повеќе препораки кои се однесуваат на УКИМ како целина бидејќи тимот имајќи ги предвид финансиските ресурси смета дека Универзитетот ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги и ако може да |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| предложи и да спроведе заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет.<br>Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во 2024 година, исто така, донесе свој Стратешки план за развој на ИСППИ каде што голем дел од активностите се насочени токму кон обезбедување на квалитетот во сите аспекти на наставната и научноистражувачката дејност. Стратешкиот план е проектиран за 2024 – 2028 година и е процес кој треба континуирано да се надградува заради обезбедување на квалитет во Институтот. Одговорни за овој дел од работата на Институтот се Советот на ИСППИ и Институтската управа кои заедно и континуирано ќе ја следат работата на Институтот согласно овој документ.<br>Оваа Стратегија предвидува дека до крајот на 2028 година ИСППИ ќе го зајакне<br>својот придонес кон македонската општествена наука и дека тоа ќе биде прикажановозголемен обем на научно-истражувачка работа и академската настава (вклучителноиздаваштво), ќе ја зголеми видливоста во јавната сфера и ќе ја зајакне соработкате на регионален и меѓународенплан. Внатрешно, во истиот период, ИСППИ има за цел да воспостави механизми законтинуирано подобрување на условите за работа и надминување на кадровскитеслабости. Предвидените мерки се дизајнирани согласно можностите и иако во многусегменти не успеваат докрај да се справат со горливите проблеми на ИСППИ,претставуваат соодветна реакција на контекстот и околносите во кој Институтотфункционира.<br>Во Тематската област 3, поврзано со квалитетот на наставата, оваа Стратегија предвидува активности кои се проектирани кон зголемување на бројот на студентите, задржување на актуелноста на студиските програми, понатамошно учество наИСППИ во меѓународни студиски програми, воведување на курсеви од неформалнообразование, реактивирање на алумни-мрежата составена од поранешни студентиипроширување на образовната улога на ИСППИ преку организирање на јавни предавањаодстрански и домашни универзитетски професори, академски истражувачи и експерти. |
| **Прилози**<br>Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.<br>Контролен извештај за евалуација, Програма за институционална евалуација на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, 2017 година –линк. |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Инситутот за социолошки и политичко правни-истражувања нема донесено посебен акт или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на своите студиски програми. При изработката и одобрувањето на програмите од втор и трет циклус, Институтот ги следи релевантните одредби од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (член 282 и 283, Универзитетски гласник бр. 425 од 28 јуни 2019 година), одредбите од својот Статут и Деловник) кои се однесуваат на надлежностите на органите и телата на Институтот и начинот на одлучување, како и одредбите од релевантните национални акти (Правилник за содржината на студиските програми, усвоен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, Службен весник, бр. 244 од 20 ноември 2023). Во пракса, изработката се одвива со користење на пропишаниот образец од Националниот совет во рамки на Одделенијата во Институтот или веќевоспоставените Колегиуми на студиски програми, а изработената програма се проследува на одлучување до Научниот совет. По усвојувањето од страна на Научниот совет, подготвената програма се проследува до Универзитетската Ректорска управа за мислење и до Сенатот за понатамошно усвојување. | |
| **Прилози**<br>1) Статут на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во состав на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>2) Деловник за работа на наставно-научниот, односно научниот совет - линк Деловник за начинот на работа на Научниот совет, Институтската управа, организационите единици, работните и стручните тела и комисиите на | |

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник бр. 532 од 5 јануари 2021.
3) Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
4) Правилник за содржината на студиските програми - линк
5) Правилник за акредитација- линк
6) Правилник за евелуација и самоевалуација-линк

Институтот ги следи релевантните одредби од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (член 282 и 283, Универзитетски гласник бр. 425 од 28 јуни 2019 година), одредбите од својот Статут и Деловник кои се однесуваат на надлежностите на органите и телата на Институтот и начинот на одлучување, како и одредбите од релевантните национални акти (Правилник за содржината на студиските програми, усвоен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, Службен весник, бр. 244 од 20 ноември 2023).

| | |
|---|---|
| 2.2.Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learningoutcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања имплементира студиски програми од втор и трет циклус во областите: Социологија на општествени промени (втор циклус, едногодишна и двогодишна програма), Менаџмент на човечки ресурси (втор циклус, едногодишна и двогодишна програма), Комуникации (втор циклус, едногодишна и двогодишна програма), Политички науки и човекови права (втор циклус, едногодишна и двогодишна програма), Меѓународната заедничка програма Политички науки - Интеграција и управување (втор циклус), Политички науки - Демократија во услови на глобализација (трет циклус), Социолошки науки – Социологија на опкружувањето (трет циклус), Заедничка програма со Економскиот факултет и Економскиот институт Организациски науки и управување (менаџмент) (трет циклус) и Социолошки науки – Социологија на организација (трет циклус).
Програмите се дизајнираат следејќи ја добрата пракса (усоглсеност на целите на програмата со целите на предметите, евалуација на содржината на програмата со програми на странски универзитети, консултација со надворешни чинители) и пропишаниот образец. Содржината на програмата е директно поврзана со нејзината цел, односно студиските програми содржат предмети (тематски области) кои ги зајакнуваат знаењата, вештините и компетенциите на студентите во рамки на конкретното подрачје од општествените науки, како и предметни програми кои се тематски поврзани но вон основното подрачје, понудувајќи им на студентите интердисциплинарен пристап во образованието. Дизајнот на студиските програми посветува и должно влијание кон развојот на академските вештини на студентите, вклучително и методолошки вештини, вештини за академско пишување и орално изразување. Последните вештини се развиваат преку индивидуална и групна работа која се следи од предметните наставници кои пак на студентите им даваат повратни информации за нивната работа. Двете заеднички студиски програми кои ги спроведува Институтот се спроведуваат со учество на релевантни академски институции, овозможувајќи им на студентите пристап до образовни ресурси кои се различни од тие кои Институтот иницијално ги поседува. При осмислувањето на програмите соодветните колегиуми обрнуваат внимание на усогласеноста на целите на програмата со целите и активностите во посебните предметни програми, но и консултираат содржински пристапи на други универзитети во соодветните области. На овој начин, дизајнираните програми имаат внатрешна кохерентност но и се споредливи по содржина со програмите на влијателните светски универзитети во областите во кои ИСППИ работи.

**Прилози**

Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е

применливо и кои се изведувале во последните пет години);
Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;
Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;
Конкретни примери и резултати, најдобри практики.
Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie.

| | |
|---|---|
| 2.3.Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата, а ова се осигурува преку пристап на креирање на програмите кој ги зема предвид актуелните достигнувања во општествените науки и преку консултација со надворешни чинители. При подготовката и ревидирањето на програмите, соодветните колегиуми консултираат содржини на предметни програми на врвни странски универзитети. Содржината на програмите, исто така, се консултира со релевантни надворешни чинители со кои институтот има воспоставено меморандуми за соработка, на пр. Асоцијацијата за човечки ресурси во однос на програмата Менаџмент на човечки ресурси, Парламентарниот институт во однос на програмата Политички науки, различни граѓански здруженија на етничките заедници во однос на Социолошката програма.
Како резултат, студиските програми кои се имплементираат во Институтот содржат повеќе практични аспекти кои се релеватни за понатамошно учество на студентите во општествениот, економскиот и политичкиот развој. Поконкретно, во групата програми од подрачјето Социолошки науки, студентите се оспособуваат за практична работа во социолошките науки која може да биде релевантна и вон академската работа, како во јавниот така и во приватниот сектор. Во групата програми од Политичките науки, се посветува должно внимание на развој на знаењата и вештините на студентите во однос на анализата и развојот на јавните политики. Во групата програми поврзани со Организациското управување и менаџмент, студентите развиваат вештини релевантни за менаџментот на човечките ресурси, пристап кој се имплементира и во јавниот и во приватниот сектор.
Магистрираните и докторираните студенти на Институтот, по завршувањето на своето образование, преземаат работни позиции во највисоките државни органи, јавната администрација, приватните компании и невладиниот сектор, како и во академскиот и образовните сектори.

**Прилози**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје има организирано висококвалитетни студии од втор циклус студии и од трет циклус студии во соработка со високореномирани високообразовни институции.
Предлог-проект за акредитација на Заед-ничка програма од втор циклус студии по Политички науки- Интеграција и управување, Предлагач и организатор: Конзорциум на универзитети EuroPS и локален партнер- Институт за социо-лошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2017 год.
https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/images/Elaborat%20za%20akreditacija%20Zaednicka%20programa%20Integracija%20i%20upravuvanje.pdf
Предлог студиска програма за организирање на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент) (повторна акредитација), предлагачи: Економски факултет – Скопје, Економски институт – Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2019 год. https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2022-11/elaborat-organizaciski-nauki-i-upravuvane-menadment-2021.pdf
Дополнително можат да бидат споредливи сите докоменти наведени под точка 2.2

| | |
|---|---|
| 2.4.Студиските програми се изработуваат/ ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Во рамки на Институтот функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста составен од релевантни експерти од приватниот, академскиот, невладиниот и државниот сектор кои даваат мислење при (ре-)акредитацијата на секоја од студиските програми (Стопанска комора, Здружението на социолози, Здружението на новинари, Македонското политиколошко друштво и Министерството за образование и наука). Записниците од состаноците на Одборот се поместени во секој од Проектите за (ре-)акредитација доставен од Институтот до Универзитетскиот Сенат и Ректорската управа. На овој начин, Институтот ги вградува мислењата на засегнатите страни при дизајнирањето на студиските програми. Дополнително, раководителите на студиските програми и

| | |
|---|---|
| предметните наставници редовно неформално се консултираат со студентите за успешноста и ефектот на програмите, а овие повратни информации се земаат предвид при дизајнирањето на програмите. При дизајнирањето на програмите неформално се консултираат и чинителите со кои Институтот има потпишано меморандуми за соработка, на пример Асоцијацијата за човечки ресурси, Парламентарниот институт, и сл. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.4.А - Мислење - Одбор за соработка и доверба со јавноста Комуникации и медиуми Трет циклус 2023<br>Прилог 2.4.B - Мислење - Одбор за соработка и доверба со јавноста МЧР Втор циклус - двегодишни 2023<br>Прилог 2.4.C - Мислење - Одбор за соработка и доверба со јавноста Политички науки Втор циклус - двегодишни 2023<br>Прилог 2.4.D - Мислење - Одбор за соработка и доверба со јавноста Социологија на општествени промени Втор циклус - двегодишни 2023<br>Прилог 2.4.E - Мислење - Одбор за соработка и доверба со јавноста Политички науки Втор циклус - едногодишни 2023<br>Прилог 2.4.F - Мислење - Одбор за соработка и доверба со јавноста Комуникации Втор циклус - двегодишни 2023<br><br>Студиските програми се наведени во списокот на прилози во точка 2.2. | |
| 2.5.Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Посебните предменти програми вградени во студиските програми на ИСППИ често користат референци од современата академска и експертска литература. Овие референци се дел од задолжителната и незадолжителната литература за предметните програми и се достапни на македонски јазик (доколку постојат преведени изданија) и на англиски јазик. Предметните наставници се задолжени да го направат изборот на референците и истите да ги приближат до студентите во текот на спроведувањето на предметните програми.<br>Во моментот, на своите акредитирани студиски програми, Институтот користи експертиза од вкупно 9 надворешни соработници. Соработниците се ангажирани како носители на предмети на програмите од втор циклус по Менаџмент на човечки ресурси (3), Комуникации (1), Општествен развој (4) и Политички науки и човекови права (3). Надворешните соработници покриваат предметни програми кои се релевантни за студиската програма, а каде ИСППИ има пониско ниво на соодветна експертиза меѓу припадиците на наставниот кадар. Надворешните соработници кои се моментално ангажирани доаѓаат од другите единици на УКИМ (8), а еден соработник е постојано вработен на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.5. - Список на надворешни соработници на акредитираните студиски програми на ИСППИ, состојба од јуни 2024 година.<br><br>Список на референци по предметна програма е достапен во во елаборатите за акредитација. | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| Секоја од акредитираните студиски програми на ИСППИ јасно го дефинира целокупниот очекуван работен ангажман на студентите, на ниво на посебна предметна програма. Со оглед дека Институтот имплементира само програми од втор и трет циклус студии, поголем дел од оптоварувањето на студентите е насочено кон проектни и | |

| | |
|---|---|
| самостојни задачи, како и домашно учење, а помал дел кон предавања и вежби.<br>Практичната настава е задолжителна за студентот на секоја студиска програма од втор циклус и изнесува вкупно 30 дена со дневен ангажман кој трае просечно 4 часа (вкупно 120 часа надворешен работен ангажман, во просек од еден студент). Праксата се остварува кај надворешни ентитети, кои извршуваат дејност соодветна на темите кои ги покрива студиската програма, или пак во рамки на активностите на Институтот, каде студентите се ангажирани како соработници во истражувачката работа или имплементацијата на проекти. | |
| **Прилози**<br>Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. Види Прилози под точка 2.2. | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации. [2] |
| Информациите за сите акредитирани студиски програми се објавени на сајтот на Институтот (https://isppi.ukim.edu.mk/), во секцијата *Образование*. Информациите се објавени на јазикот на изведување на наставата (македонски за сите програми од втор и трет циклус освен за меѓународната Joint MA in Political science – Integration &Governance, која се изведува на англиски и чии информации се објавени на англиски). Информациите кореспондираат со официјалните записи, а и самите официјални документи, односно формуларите за (ре-)акредитација се достапни на веб-страницата.<br>Во рамки на секцијата *Образование* заинтересираните можат да најдат посебни страници за секоја од активните студиски програми од втор циклус, страница која се однесува на сите програми од трет циклус, како и посебни страници кои ги прикажуваат *Решенијата за акредитација*, *Решенијата за почеток со работа*, *Задолжителна литература и термини за консултација*, како и *Извештаи од самоевалуацција.*<br>Посебните страници за програмите од втор циклус содржат приказ на целите и содржината на студиската програма, преглед на знаењата, вештините и компетенциите со кои се стекнуваат студентите, информации за раководителот на програмата (вклучително и контакт-податоци), како и целосни формулари за (ре-)акредитација подготвени согласно Правилникот за содржината на студиските програми, усвоен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (Службен весник, бр. 244 од 20 ноември 2023). Кај посебната страница за програмите од трет циклус поместени се, пак, мрежни врски кои директно водат до последните формулари за (ре-)акредитација за секоја од активните програми од трет циклус. | |
| **Прилози**<br>Секција *Образование* на веб-страни-цата на ИСППИ:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie<br>*Трет циклус – докторски студии*: https://isppi.ukim.edu.mk/tret-ciklus-doktorski-studii<br>*Студии од втор циклус по Социологија - Менаџмент на општествени промени*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/studii-od-vtor-ciklus-po-sociologija-menadment-na-opshtestveni-promeni<br>*Студии од втор циклус по Менаџмент на човечки ресурси*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/studii-od-vtor-ciklus-po-menadment-na-chovechki-resursi<br>*Студии од втор циклус по Комуникации*: https://isppi.ukim.edu.mk/studii-od-vtor-ciklus-po-komunikacii<br>*Студии од втор циклус по Култура во ера на кибернетика*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/studii-od-vtor-ciklus-po-kultura-vo-era-na-kibernetika<br>*Студии од втор циклус по Општествен развој:*<br>https://isppi.ukim.edu.mk/studii-od-vtor-ciklus-po-opshtestven-razvoj.<br>*Студии од втор циклус по Политички науки и човекови права*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/studii-od-vtor-ciklus-po-politichki-nauki-i-chovekovi-prava.<br>*Joint MA in Political science – Integration &Governance*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/joint-ma-political-science-integration-governance.<br>*Решенија за акредитација*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/reshenija-za-akreditacija.<br>*Решенија за почеток со работа*: | |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| https://isppi.ukim.edu.mk/reshenija-za-pochetok-so-rabota.<br>*Задолжителна литература и термини за консултација*:<br>https://isppi.ukim.edu.mk/zadolzhitelna-literatura-i-termini-za-konsultacija.<br>*Самоевалуација*: https://isppi.ukim.edu.mk/samoevaluacija. Линк до веб страна каде се објавени наведените информации. | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Институтот редовно спроведува самоевалуација на својата работа во која го евалуира имплементирањето на студиските програми. Евентуални чекори за ревизија на студиските програми исто така се дискутираат во рамки на колегиумите од студиските програми и институтските одделенија. Заклучоците од овие дискусии се вградени при процесот на (ре-)акредитација и се често мотивирани од заклучени позитивни и негативни практики, како и од следењето на современиот научен и експертски развој во конкретното подрачје. Институтот не подготвува посебни Извештаи за ревидирање на студиските програми, но причините за евентуалните промени се наведените во елаборатите за акредитација и се идентификувани од соодветните колегиуми. | |
| **Прилози**<br>Извештај за самоевалуација на ИСППИ, 2017 год., 2018 год, 2019 год. - линк<br>Документација од точка 2.2. | |
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
| Институтот нема усвоено систематски начин на следење на статистичките податоци кои се однесуваат на бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени, како и причините за напуштањето на студиите. Во споредба со останатите единици на УКИМ, Институтот има значително помал број на студенти и голем дел од предеметните програми кои се достапни во Институтот (особено изборните) воопшто не се реализираат во изминатиот временски период. Во учебната 2023/2024 Институтот понудил вкупно 150 предмети на своите осум студиски програми од втор циклус, од кои 23 предмети имале пријавени студенти во текот на академската година. Просечната оценка во 2023/2024 на тие предмети е 9.83. Институтот не води статистика за бројот и причините за напуштање на студиите. | |
| **Прилози**<br>Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) за 2023/24 | |

# Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Механизмишто обезбедуваат програмите да се спроведуваат на начин што ги мотивира студентите активно да учествуваат во процесот на учење, што се рефлектира во евалуацијата на учениците се:
Механизам 1 – Јасно дефинирани надлежности во Статутот на Институтот за соцолошки и политичко-прави истражувања Скопје
Механизмите преку кои се обезбедува процесот на изведување на програмите на ИСППИ-Скопје, се содржани во неколку акти и документи, преку чие доследно имплементирање во пракса обезбедуваат програмите да се спроведуваат на начин што го мотивира активното учество на студентите. Статутот на ИСППИ-Скопје јасно ги дефинира надлежностите на Институтот, особено во однос на наставно-образовната дејност.
Механизам 2 – Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ:

- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018.
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020.
- Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје, август 2021

Во текот на изведувањето на наставата се користат интерактивни наставни методи како што се семинарски трудови, панел дискусии, формални дебати и студии на случај. Посебно внимание се посветува на методите за симулација, истражувачките проекти и дискусиите. Предметните програми прикажуваат конечна евалуација која е јавна, транспарентна и однапред закажана, со датуми соопштени на студентите. Ова вклучува дискусии и презентации на подготвени семинарски трудови пред колеги студенти, негување култура на споделување знаење и конструктивна дискусија. Во елаборатите на студиските програми се прецизирани методите и механизмите за оценување, кои вклучуваат колоквиуми, вежби, практична работа, презентации, теренска настава, проектна работа и други елементи како што е наведено во предметната програма.
Механизам 3 – Директно информирање на студентите преку интернет страната на институтот, каде студентите се информираат за:

- Правила на студирање на втор циклус студии
- Содржината на студиските програми од втор циклус на студии
- Правилата на студирање на трет циклус студии
- Содржината на студиските програми од трет циклус на студии

**Прилози**
Релевантни документи:
1)Статут на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во состав на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк
2)Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк
3) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии(постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк
4) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
5) Водич за студентите на трет цикус на студии - линк
6) Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie.

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

3.2. Почитување на различноста на студентите и нивните потреби овозможува флексибилен пристап на учење, како и користење на различни модели на настава и мноштво педагошки методи.
А.Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв ина втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член25 -31) се наведени и детално елеборирани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите), како предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Дополнително, се овозможува и вклучување (со физичко присуство или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни иинституции

во наставата - сите овие можности се искористуваат од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања -Скопје.
Б. Дополнително и во Одлуката за правила на студирањена втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје, јасно се наведени начините и механизмите што може да биде предмет на оценување, односно покрај предавањата, се реализираат и вежби во кои студентите во рамките на симулирани ситуации донесуваат одлуки, управуваат со ресурси или решаваат проблеми во реално време, како и поделба на улоги во рамките на различни сценарија кои поттикнуваат критичко размислување, комуникација и развивање на вештини за решавање на проблеми. Исто така, значајно место се обрнува при оценувањето на семинарските задача кои се доделуваат на студентите во кои тие ги сумираат клучните идеи од литературата, идентификувајќи ги трендовите, контроверзите и значајните наоди. Во најголем број на случаи при изработката на семинарските трудови се користат секундарни бази на податоци (научни трудови, книги, извештаи и сл.), но во зависност од темата, некои од студентите собираат и податоци од примарни извори (интервјуа, анкети). По изработката на семинарскиот труд студентите го презентираат истиот, односно резиме на истражувањето и наодите. После презентацијата, следат прашања од наставникот, притоа студентите дополнително го аргументираат нивните наоди. Дополнително, предмет на оценување се проектните активности на студентите во рамките на тековни проекти кои ги реализира ИСППИ, пришто тие се вклучуваат при собирањето на примарни податоци (спроведување анкети, интервјуа, форкус групи), како и при анализата на секундарните бази на податоци. Исто така, при квантитативна обработка на податоци, за одредени сегементи од проектот, студентите учествуваат и при статистичката анализа на собраните податоци.
Овие активности служат не само за оценување на разбирањето на студентите, туку и за поттикнување на критичко размислување, решавање проблеми, комуникација и вештини за соработка. Тие помагаат да се развие способноста на студентот да се вклучи со академски материјал на подлабоко ниво и да ги подготви за идни професионални или академски потфати.
В. Деталните начини во пристапите и флексибилност воучењето/наставатасогласно потребите на студентите се дел од Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма.
Г. Иновативни методи во изведување на наставата
Студиските програмите користат и посебни и поиновативни пристапи и мноштво педагошки методи во наставата кои го поттикнуваат и развиваат критичкото мислење и истражувачките вештини. Но, со оглед на малиот број на запишани студенти на студиските програми, односно бројот на студенти, кои се определиле за одреден предмет, е помал од пет студенти, при изведувањето на наставата се практикува менторски систем на работа. Притоа, студентите се подготвуваат, оспособуваат и водат низ процесите на совладување на наставниот материјал. Исто така, поаѓајќи од профилот на поголемиот број од студенти, кои се вработени и располагаат со одредено практично искуство, во текот на наставата се настојува да се комбинира веќе стекнатото практично искуство, пришто за секој предмет се изработува самостоен семинарски труд на тема од нивни интерес во рамките на предметната програма. Всушност, при изработката на семинарскиот труд, студентите покрај користењето на дополнителна литература, прават и истражување за избраната тема во рамките на кое собираат податоци од примарни извори или користат секундарни бази на податоци. По извршената анализа на податоците, и изработката на семинарскиот труд, истиот се презентира при полагањето на испитот. Дополнително, во рамките на студиската програма, студентите остваруваат и практична работа во соодветни организации со кои ИСППИ има склучено договор за вршење на практична настава, како и во рамките на научноистражувачки или апликативни проекти што ги спроведува ИСППИ, а се поврзани со научното поле што го студираат.
На овој начин се продлабочуваат истражувачките и критичките компетенции на студентите, и се насочуваат кон разбирање и интерпретирање на општествените процеси. Преку ваквиот метод на настава студентите се стекнуваат со компетентност во научните полиња на социологијата, политичките науки, комуникациите и менаџментот, односно соодветно перципирање, одредување, разбирање и секако селективно користење на знаењата од сродните дисциплини.
Д. Флексибилноста кон студентите се осигурува имајќи предвид дека им е овозможено испитите и консултациите да ги остваруваат и во попладневните часови, па испитите, предавањата и консултациите се закажуваат и по истекот на работното време или во договор со предметните наставници.

**Прилози**

Релевантни документи:

1)Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

2) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии(постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк

3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и

| | |
|---|---|
| Методиј“ во Скопје - линк<br>4) Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie. | |
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (casestudy) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Редовно се адаптираат начините на изведување на наставата. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентите.<br>Во рамките на секоја студиска програма јавно и транспарентно се објавени општите и специфичните дескриптори За секоја осебна студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот). Во елаборатите на студиските програми предвидени се посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговоите вештини и компетенции .<br>Ваквиот пристап е својствен за секоја студиска програма на втор и трет циклус на студии.<br>Дополнително, согласно Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје, јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проекттна работа и многу други работи предвидени во предметната програма. Сите овие можности се примменуваат од страна на ИСППИ-Скопје и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики - каде се става посебен фокус на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите - студиите на случај се користат во секоја од студиските програми<br>Со оглед на фактот што студентите имаат и практични знаења, во текот на наствата за секој наставен предмет, студентите имаат можност за интерактивно учење со цел развој на нивните вештини и компетенции.<br>Дополнително, запишувањето студенти од различни факултети овозможува интердисциплинарен пристап, унапредувајќи го учењето преку студии на случај. Пример за ова е опсегот на магистерски и докторски студии, кои вклучуваат интердисциплинарен пристап заснован на студии на случај и истражувања кои произлегуваат од проектните активности на студентите на работното место – особено успешно студиите на случај (casestudy) се исползуваат во рамките на постдипломските студии на организациските науки и менаџмент на човечки ресурси, кадешто се исползуваат конкретни менаџерски примери од стопанството, како и примери од менаџирање на институции од областа на културата, образованието, управата итн. Притоа, пристапот е интердисциплинарен, при што се користат студии на случај прилагодени на специфичниот циклус на студии.<br>Наставата континуирано се следи и се постапува по детектирани слабости/недостатоци и се прават соодветни адаптации. На крајот на секој семестар се споведуваат анкетни прашалници, каде студентите имаат можност да ја оценат наставата, како и да дадат свои мислења и сугестии. Основна цел на самоевалуацијата е да го процени квалитетот на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на вториот циклус студии на ИСППИ–Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Исто така, врз основа нарезултатите од анкетите, предметните наставници имаат можности за идна адаптација, односноподобрување на наставниот процес. | |
| **Прилози**<br>Релевантни документи:<br>1) Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>2) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии(постдипломскиступии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк<br>3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>4) Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie. | |

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување

Во елаборатите на секоја студиска програма, детално се утврдени и елаборирани механизмите /алатките на оценување

За секоја студиска програма јавно и транспарантно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати

Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020 и Одлука за Правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзит, етот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје, август 2021, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување.

Наведените постапки се почитуваат од страна на наставниот кадар на ИСППИ-Скопје, во секоја посебна студиска програма на втор и трет циклус на студии согласно нејзините специфики.

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Во Елаборатите за секој посебен предмет може да се видат и предметниот наставник/наставници за секој од предметите. Исто така, на почетокот на секој семестар, одговорните наставници на сите наставни предмети детално ги запознаваат студентите со Годишната програма за работа за содветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература, начинот на изведување на наставата, преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

**Прилози**

Релевантни документи:

1) Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

2) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии (постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк

3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

4)Линковите за сите Елаборати по студиските програми - Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie.

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериуми и методи на вреднување и оценување на студентите се однапред транспарентно објавени, елаборирани и појаснети.

Во Елаборатите на секоја студиска програма, Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020 и Одлука за правила на студирање на втор циклус студии

| | |
|---|---|
| (постдипломски студии) на Универзит, етот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје, август 2021, јасно се наведени критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите.<br>Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување и начинот на формирање на оцена на студентите, како и новната прилагоденсот согласно целите на секој посебен предмет. | |
| **Прилози**<br>Релевантни документи:<br>1) Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк<br>2) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии(постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк<br>3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>4) Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie. | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Постои детална регулатива(акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користа за секоја студиска програма<br>А.Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти во согласност со сите процедури<br>Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, декември 2020 и Одлуката за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,ИСППИ –Скопје, август 2021, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинасрски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани и како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување е доследно почитувана од вработените на ИСППИ и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики исто е дефинирано и утврдено.<br>Б. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.<br>Секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.<br>В. Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети за понатамошниот процес на учење<br>Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети во текот на семестарот низ неколку фази. Најпрво добиваат повратна информација во врска со избраната тема за семинарска од предметниот наставник, по што следува повратна информација во однос на тезите по избраната тема на семинарска за дадениот | |

наставен предмет. Во текот на изработката на тезите, студентите работат на нивно унапредување со насоки и корекции од страна на предметниот наставник. Исто така, изработента семинарска се праќа на наставникот, каде повторно студентие имаат повратна информација по електронски пат или повратната инсформација ја добиваат при полагање на испитот, каде покрај семинарската одговараат и на материјалот предвиден според наставната програма за соодветниот наставен предмет.

Студентите се известени за нивните оцени/резултати веднаш по завршување на испитот, со оглед на фактот што испитот се одржва најчесто усно пред предметниот наставник. Доколку се одвива писмено резултатите се објавуваат неколку дена по испттот и истите се достапни на огласна табла. Студентите имаат право на увидот или на договорени консултации, каде можат да добијат насоки како можат да го унапредат процесот на учење во соодветната наставна материја. Оценките исто така се објавуваат во електронскиот систем I-know.

Г. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување на студентите и нивната прилагоденсот согласно целите на секој посебен предмет. Во наставната програма по секој предмет е наведен и предметниот наставник/наставниците кои го водат дадениот предмет, со што дополнително се придонесува кон унапредување на процесите на оценување на студентите.

**Прилози**

Релевантни документи:

1) Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

2) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии(постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк

3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

4) Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie.

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Формална процедура за жалби вклучувајќи и пријавување корупција.

Правата на студентите се остваруваат согласно Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје, освен за прашањата за кои поинаку е утврдено со Правилникот или со правилата за студирање.

Процедурата започнува со барање за остварување на некое свое право, кое студентот го поднесува до директорот, во писмена форма, придружено со соодветна документација. Директорот одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето. Доколку директорот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот, студентот има право истото барање да го поднесе до Институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето. Против решението на директорот, студентот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.Решението на Институтската управа е конечно. Во име и за сметка на студентот, барањата за остварување на некое право може да ги поднесе и друго лице кое поднесува изјава дека настапува во име и за сметка на студентот.

ИСППИ-Скопје има отворена политика на прием на жалби /пријави. Постои и отворена политика на Институтот со која се зема предвид и секоја жалба, пријава која е доставено по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на ИСППИ-Скопје. Во последните 5 години, нема поднесено жалби од страна на студенти, вклучувајќи и жалби корупција, при што менаџментот на ИСППИ-Скопје е подготвен при допрен глас да иницира започнување на процес и да ги реализира сите за дадениот случај соодветни со закон пропишани процедури.

**Прилози**

Релевантни документи:

1) Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

2) Одлука за правила на студирањена втор циклус студии(постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил

| |
|---|
| иМетодиј“ во Скопје, ИСППИ –Скопје -линк<br>3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Јавно достапни дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето<br>При реализацијата на образовната дејност Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во целост го применува Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во него јасно се утврдуваат сите релевантни аспекти заусловите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии на првиот и вториот циклус наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 417/2019 година).<br>Во согласност со Законот за високо образование, Правилникот на УКИМ и Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, Научниот совет, на седницата одржана на 30.6.2021 година, донесе Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 558, 20 август 2021 година). Во Одлуката уште подетално се уредени и образложени релевантните аспекти во однос навториот циклус на студии (постдипломски студии) кои се реализираат во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје. Тие се однесуваат на уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје.<br>Активностите во однос на третиот циклус на студии (докторски студии) во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје се реализираат согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со овој правилник се регулираат организацијата, постапката, координацијата и реализацијата на докторските студии, потоа условите и начинот на запишување на студентите, структурата на студиите, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторскиот труд, како и називите на научниот степен доктор на науки. | |
| **Прилози**<br>1) Одлука заправила на студирање<br>на втор циклус студии(постдипломскистудии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје - линк<br>2) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>3) Правилник за условите, критериумите и правилатазазапишување и студирање на трет циклус академскистудии | |

- докторскистудии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален |

Утврдена постапка и алатки за собирање или следење на напредок на студентот

Во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на втор циклус студии (постдипломски студии)се врши согласно дефинираната рамка во:

- Законот за високо образование („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 82/18);
- Правилникот за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование инаука,врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование,(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18);
- Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Одлуката за правилата на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 558, 20 август 2021 година).

Согласно Член 159 од Законот за високо образование, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје води матична книги на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18).Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.

Во согласност со наведените прописи во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје се води студентско досие (во електронска и хартиена форма) каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентите во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на магистрирање, односно докторирање.

Воспоставениот електронски систем на евиденција - IKNOW СИСТЕМОТ на УКИМ, овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, така и на секој поединечен студент. Во овој систем секој вработен во Институтоти секој регистриран студент, по безбедносна автентикација, може да пристапи до информации за своите активности и напредокот во текот на студентскиот процес, согласно утврдените правила за пристап во системот и привилегиите кои му се дадени. Системот се ажурира во реално време.

Студентите на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје го користат IKNOW СИСТЕМОТ согласно Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow, објавено на веб странатата Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Освен тоа, од страна на УКИМ обезбедено е и Корисничко упатство за професори.

**Прилози**

Информација за постоење алатки за следење на напредокот на студентот. Доказ дека системот е функционален

1)Закон за високо образование - линк

2)Правилник за водење евиденции за високото образование - линк:

3) Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

4)Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања– Скопје - линк

5) ПРАВИЛНИК заусловите, критериумите и правилатазазапишување и студирање на трет циклус академскистудии - докторскистудии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” воСкопје - линк

6) ПРАВИЛНИК за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на

| | |
|---|---|
| матичната книга на запишанистуденти и главна книга на дипломирани студенти - линк<br>7) Студентско досие во електронска и хартиена форма (согласно Член 159 од Законот за високо образование)<br>8) IKNOW СИСТЕМ - линк<br>9) Упатството за користењена интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow - линк | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години |
| Дефинирана постапка која се применува за признавање на периодите на студирање и претходно учење<br>Во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и Одлуката за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 558, 20 август 2021 година), подетално се елаборирани и уредени напредувањето за време на студиите, преминот од една програма во друга за време на студирањето, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето,признавањето на испитите и другите образовни активности положени, односно реализирани на различни образовни установи, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.<br>Информации за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие (кое го води службата за студентски прашања). Ова досие се води за секој студент, при што се евидентираат сите претходни и сегашни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно оние кои се однесуваат на Еразмус). Во рамки на програмата ЕРАЗМУС+ К103 на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”во Скопје секоја година  распишува конкурс за доделување стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ.Студентите на Институтот се информираат заможноста за студентска мобилност на програмата ЕРАЗМУС преку веб страната на Институтот и на Универзитетот.<br>Независно од тоа, Институтот дава можност за неформално/практично образование на студентите во делот на научноистражувачката работа  преку нивно вклучување во реализација на проекти, како и можноста за објавување на научни/стручни трудови (самостојно или во коавторство со професорите) во научното списание Годишник на институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. За овие активности не се води посебна евиденција и истите не претставуваат задолжителна обврска за студентите. | |
| **Прилози**<br>1) Закон за високо образование -линк<br>2)Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје - линк<br>3)Конкурс за студентска мобилност во рамки на ERASMUS+ програма - линк | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| Јасна, разбирлива и сеопфатна документација за стекната квалификација<br>Студентите на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје по завршувањето на студиите добиваат документација во која се објаснува, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Во Законот за високо образование - Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18),) е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома. Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со овој закон се уредени со посебен Правилник. Врз основа на Член 155 став 10 од Законот за високо образование | |

| |
|---|
| Правилник за содржината и формата на дипломата, уптатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправидонесува министерот надлежен за работите на високото образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18).<br>Документацијата која ја издава Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива, а документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии. |
| **Прилози**<br>1)Закон за високо образование - линк<br>2)Правилник за содржината и<br>формата на дипломата, уптатството за подготовка на додаток надипломата и на другите јавни исправи - линк |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Наставно-научниот кадар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во делот на образованието во учебната 2023/2024 година беше активно вклучен во реализација на настава на втор и трет циклус на студии.<br>Ангажираниот наставен и соработнички кадар на Институтот забележа мали промени во однос на бројноста во последните години, така што во јуни 2024 год. вкупниот број вработени со наставни-научни и соработнички звања на ИСППИ изнесува вкупно 21 лице (од кои деветнаесет лица се избрани во наставно-научени звања и две лица избрани во соработнички звања) од што има четиринаесет редовни професори, двајца вонредни професори, три доценти и два асистенти. Во дадениот период можат да се забележат определени промени во однос на застапеноста на редовните и вонредните професори, како и на доцентите во услови на ограничени можности за вработување на наставен и соработнички кадар.<br>Сите наставници кои ја реализираа наставата во 2023/2024 година имаат звање доктор на науки од соодветната област. Имајќи предвид дека градењето на компетентен наставен кадар е долгорочен процес неопходно е да се интензивираат напорите за прием на нови наставници и соработници во насока на постепено ублажување на постојниот несразмерен сооднос на бројот на наставници од одделни звања.<br>Во процесот на ангажирање на кадрите Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во континуитет се залага за примена на највисоки стандарди. Во наставно-образовниот процес вклучен е кадар кој поседува соодветни квалификации стекнати во текот на образованието (на првиот и вториот циклус на студии и при изработката на докторските дисертации), како и со долгогодишната работа на научното поле и научната област во која се избрани. Врз основа на информациите од Биографиите на ангажираниот наставен кадар (кои се однесуваат на профилот (вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање), како и податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати во 2023/2024 година, претставени во Прилог 5.1.А, потоа Прилог 5.1.Б (каде се поместени линкови до Одлуката за последниот избор и Рецензентскиот извештај објавен во Билтен на УКИМ, за секој наставник и соработник) и Прилог 5.1.В (список на предмети по професор), како и Прилог 5.1.Г (кој се однесува на звањето и научната област во која е избран секој наставник и соработник), може да се констатира дека постојниот кадар одржува настава на предмети согласно образованието и/или областите на кои докторирале. Компетентноста на наставниот кадар во однос на ангажманот на одделни предмети е верификувана и со процесот на акредитација на одделните студиски програми. Во споменатите прилози се верификува потенцијалот кој го поседува наставно-научниот кадар на Институтот. Врз основа на биографиите може да се согледа активното учество на секој наставник во процесите поврзани со унапредување на компетенциите и вештините, како и на квалификациите за реализација на студиските програми. Во овој процес | |

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| од голема важност е континуираната вклученост на наставниот кадар во научноистражувачката работа на Институтот, објавувањето на посебни публикации и научни трудови, кои се користат како основна или дополнителна литература во наставата, како и соработката и размената на искуства со наставно-научен кадар од сродни високообразовни и научни институции, во земјата и во странство.<br>Согласно Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје за организирање на вториот циклус на студии – последипломски студии, се формира Наставно-научен колегиум на студиските програми за втор циклус на студии, кој го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени во студиските програми (Прилог 5.1.Г).<br>Колегиумот при подготовката на студиските програми за втор циклус на студии прави избор на наставниците кои ќе бидат ангажирани на одделни предмети согласно квалификациите, односно научните области согласно образованието и/или областите на кои докторирале, а се компетентни да се вклучат во наставно образовниот процес. | |
| **Прилози**<br>Прилози од Прилог 5.1.A до Прилог 5.1.U - Биографии на ангажираниот наставен и соработнички кадар<br>5.1.V - Табела - Одлуки за избор во звање за наставно-научниот кадар и соработниците (линкови до:Одлука за последен избор и Рецензентски извештај објавен во Билтен на УКИМ)<br>5.1.W - Список на предмети по професор (Редовни професори, Вонредни професори, Доценти)<br>5.1.X - Табела - звање и научна област во која е избран наставно научниот кадар и соработниците<br><br>1) Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) линк<br>2) Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања линк<br>3) Правилник за избор во звања на УКИМ линк | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2т.21од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје континуирано ја унапредува својата издавачка дејност. ИСППИ од 1975 издава научно списание Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правниистражувања, кое во 2013 година прераснува во меѓународно научно списание, ANNUAL of ISPJR и излегува два пати годишно. Во последните пет години евидентен е зголемениот ангажман на наставно-научниот кадар во објавувањето на трудови во референтни научни публикации. Наставно-научниот и соработничкиот кадар од Институтот објавува трудови во научни списанија во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (Ebsco, Scopus, Web of Science или друга база на списанија). Во учебната 2023-2024 година членовите на наставно-научниот и соработничкиот кадар на Институтот објавиле седумдесет и четири трудови во научни и стручни списанија и зборници во земјата и во странство вклучително и годишникот на институтот ANNUAL of ISPJR (Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research). | |
| **Прилози**<br>5.2. - Преглед на вкупен број на објавени трудови во референтни научни публикации групиран по категории (согласно член 2, т. 21 од ЗВО) | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Во наставниот процес кадарот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања –Скопје е вклучен во реализација на образовни активности на втор и трет циклус на студии. При ангажирањето на наставниот кадар се води сметка за неговата оптовареност согласно Законот за високо образование (член 161) (Прилог 5.3.В). Прегледот на бројот предметите кои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) на втор и трет циклус на студии покажува дека во последните пет години во Институтот нема професори кои имаат повеќе од 4 предмети во текот на еден семестар (Прилог 5.3.А). Во делот на наставните активности на Институтот ги почитува пропишаните акти од Колективниот договор за високо образование и наука (член 34), а кои во делот на наставните часови може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно (Прилог 5.3.Г).Врз основа на прегледот во Прилог 5.3.А може да се констатира дека станува збор за релативна избалансираност на оптовареноста на наставниот кадар во последните пет години на вториот циклус согласно поставените норми и стандарди. Во однос на оптовареноста на наставниот кадар на Институтот на третиот циклус на студии, која исто така е согласно поставените норми и стандарди, значајно е да се укаже дека докторантите за секој предмет на докторски студии имаат можност да изберат од листа на повеќе професори. Во вакви околности релативно мала е можноста за поголема оптоваренот, односно зголемен индивидуален ангажман на еден наставник во текот на семестарот. Во делот на менторствата, исто така, се води евиденција да не се надминуваат пропишаните одредби во Законот за високо образование (член 134 и член 135), според кои еден наставник може да има 12 менторства на втор циклус студиии и 3 менторства на трет циклус на студии (Прилог 5.3.Б).

**Прилози**

5.3.А - Преглед на број предмети кои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) - 2023-2024 зимски семестар

5.3.В - Преглед на број предмети кои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) - 2023-2024 летен семестар

5.3.С - Менторства на втор и трет циклус по наставник

5.3.D - Доказ дека установата има најмалку 10 лица во наставно-научно звања во работен однос со полно работно време

1) Закон за високо образование - линк

2) Колективен договор за високо образование - линк

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје има транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи, процеси на вработување кои овозможуваат еднакви можности. При вработувањето на наставен и соработнички кадар, како и при изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања -Скопје во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските коишто произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, Правилникот за систематизацијата на работните места во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од аспект на ангажирањето, односно вработувањето на нов наставен и соработнички кадар Институтот доследно ги почитува строгите законски нормативи, грижејќи се за квалитетно и навремено спроведување на постапките согласно предвидените рокови.

Прегледот на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кој се однесува на периодот 2019-2024 година, потврдува дека во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје се воведени транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи, процеси на унапредување, односно избор на наставниот кадар во повисоки звања и на постапки за нови вработувања на наставници и соработници кои овозможуваат еднакви можности. Роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар и вработување на нови наставници и соработници.Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар во повисоки звања и за

| | |
|---|---|
| нови вработува сите рецензентски извештаи за избор заедно со одлуката за избор може да се најдат онлајн на профилите на сите избрани лица на веб страницата на Институтот. | |
| **Прилози**<br>Закон за високо образование - линк<br>Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>Статут на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања -Скопје – линк<br>Правилник за избор во звања на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк<br>Правилник за измена и дополнување на Правилникот за избор во звања на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк<br>Правилници за внатрешна организација и систематизација на работните местана Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – линк<br>Atanasov, Petar (проф. д-р Петар Атанасов) http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2011/1000-17.01.2011.pdf, стр. 208<br>Blazhevski, Ivan (вонр. проф. д-р Иван Блажевски) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2024/1307-15.05.2024.pdf, стр. 144<br>Bliznakovski, Jovan (доц. д-р Јован Близнаковски) http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2021/1246-01.10.2021.pdf, стр. 164<br>Borota Popovska, Mirjana (проф. д-р Мирјана Борота Поповска) https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-12/izbor%20vo%20zvanje%20borota.pdf, стр. 135<br>Cacanoska, Ruzica (проф. д-р Ружица Цацаноска) https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-12/izbor%20vo%20zvanje%20cacanoska.pdf, стр. 151<br>Cekikj, Aneta (проф. д-р Анета Цекиќ) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2020/1225-01.11.2020.pdf, стр. 322<br>Cvetanova, Ganka (проф. д-р Ганка Цветанова) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2014/1088-14.11.2014.pdf, стр. 175<br>Dimitrovska, Milka (доц. д-р Милка Димитровска) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2022/1267-01.09.2022.pdf, стр. 228<br>Janev, Goran (проф. д-р Горан Јанев) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2019/1192-15.05.2019.pdf, стр. 455<br>Josifovski, Blazhe (асс. м-р Блаже Јосифовски) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2022/1267-01.09.2022.pdf, стр. 245<br>Lazarevski, Pande (проф. д-р Панде Лазаревски) https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-12/izbor%20vo%20zvanje%20lazarevski.pdf, стр. 26<br>Maljichi, Driton (доц. д-р Дритон Маљичи) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2020/1217-15.06.2020.pdf, стр. 584<br>Markovikj, Marijana (проф. д-р Маријана Марковиќ) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2020/1217-15.06.2020.pdf, стр.<br>Najcevska, Mirjana (проф. д-р Мирјана Најчевска) https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-12/izbor%20vo%20zvanje%20najcevska.pdf, стр. 142<br>Naumovska, Bojana (проф. д-р Бојана Наумовска) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2022/1269-01.10.2022.pdf, стр. 163<br>Sasajkovski, Slavejko (проф. д-р Славејко Сасајковски) https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-12/izbor%20vo%20zvanje%20sasajkovski.pdf, стр. 601<br>Serafimovska, Eleonora (проф. д-р Елеонора Серафимовска) http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2020/1212-01.04.2020.pdf, стр. 322<br>Topuzovska Latkovikj, Marija (проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2021/1242-15.07.2021.pdf, стр. 176<br>Koneska Vasilevska, Tea (асс. м-р Теа Конеска-Василевска) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2023/1291-15.09.2023.pdf, стр. 290<br>Zabijakin Catleska, Vesna (вонр. проф. д-р Весна Забијакин - Чатлеска) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2019/1204-01.12.2019.pdf, стр. 276<br>Zarevski, Dragor (проф. д-р Драгор Заревски) http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2019/1203-15.11.2019.pdf, стр. 540 | |
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот |

| | |
|---|---|
| програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот и соработничкиот кадар е регулирано со Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје и другите релевантни акти на Институтот.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и научно-истражувачката дејност:
Простории за работа со студенти: предавални со површина: 172,53 м2; - компјутерска училница - предавална (1): 33,97 м2; Кабинети за наставен и соработнички кадар: 306,33 м2; Библиотека, читална: 18,35 м2.
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката: Централни единици (ком. 46); Монитори (ком. 43); Лаптопи (ком. 47); Проектори (ком. 3); Таблети (ком. 35); Графоскопи (ком. 2); Платно за графоскоп (ком. 1); Електронска табла (ком. 1); Скенер (ком. 2); Печатачи (ком. 9); Факс (ком. 1); Факс/печатач (ком. 1); Фотокопир (ком. 1); Телефони (ком. 27); Телефонска централа (ком. 1); Конференциски маси (ком. 2); Табли за пишување (ком. 2); Столчиња (во предавални) (ком. 53); Канцелариски бироа (ком. 32); Канцелариски столчиња (ком. 28); Маси (во предавални) (ком. 16); Витрини (библиотека) (ком. 18); Машина за вкоричување (ком. 1); Метална машина спирали (ком. 1) и др. Институтот има простап по релевантни електронски бази од област на студиски програми Journal and sample collections of Bristol University Press Digital: EDI (Equity, Diversity and Inclusion) Collection (bristoluniversitypressdigital.com), SDG Collection for social science libraries (bristoluniversitypressdigital.com) & Journal of Psychosocial Studies | Bristol University Press (bristoluniversitypressdigital.com), како и со платформата за пребарување на базите на EBSCOhost може да се најде на линкот EBSCOhost Transition Center. (https://shorturl.at/wFgvi).

**Прилози**
Статут на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во состав на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2021 до 01.10.2022 година - линк
Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2022 до 01.10.2023 година - линк

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Професионалното усовршување на наставниот кадар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје е регулирано со Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Институтот може да организира во рамки на концептот на доживотно учење согласно закон, со Статутот и другите акти на Универзитетот, при што одлуки за овие активности донесува Научниот совет на Институтот. Со одлуката за организирање на вакви програми се уредуваат условите за запишување, за следење и за завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми.
Институтот овозможува професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на образовната дејност и соосветно на тоа во учебната 2023-2024 година Институтот организираше обуки за професори на која учествуваат освен членови на академскиот наставно-научен и соработнички кадар од ИСППИ и околу триесет претсатвници на академскиот наставно-научен и соработнички кадар од акадамски институции од Австрија, Грузија, Ерменија и Македонија, кадешто обуката беше фокусирана кон безбедување функционално знаење за професори во врска со европски стандарди за обезбедување на квалитет на заеднички студиски програми, размена на искуства и дефинирани резултати од учење во областите на Методологија, Политичка теорија, Компаративна политика и Јавна политика и администрација. Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје за потребите на својот наставно-научен и соработнички кадар на 17 јануари 2024 организираше обука за користење на софтвер за анкети Limesurvey, при што на обуката учество земаат десет членови на наставно-научен и соработнички кадар на Институтот.

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје може да организира различни облици на неформално учење (обуки, курсеви, летни школи, работилници и сл.) во согласност со закон. Во последните години активностите на Институтот, насочени кон унапредување на наставниот кадар беа реализирани со исклучително ограничени финансиски средства за оваа намена и континуирани напори за обезбедување на дополнителни средства од различни извори.

**Прилози**

Статут на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во состав на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2021 до 01.10.2022 година - линк

Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2022 до 01.10.2023 година - линк

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје промовира активна вклученост на визитинг професори во реализација на акредитранисте студиски програми на Институот. Во изминатите години во акредитираните студиски програми на Институтот, предавања одржале гости предавачи, експерти и надворешни соработници, од реномирани високообразовни институции.

**Прилози**

Прилог 5.7.А - Список на надворешни соработници на акредитираните студиски програми на ИСППИ, состојба од јуни 2024 година

Прилози од Прилог 5.7.В до Прилог 5.7.Ј - Биографии на надворешни соработници на акредитираните студиски програми на ИСППИ

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Меѓународните научно-истражувачки проекти претставуваат можност за унапредување на истражувачките и педагошките капацитети на наставно-научниот кадар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања -Скопје. Во рамките на рализиацијата на научно-истражувачкиот проект **„Joint Political Science Programme“,** во рамките на Еразмус+ програмата чија цел е зајакнување на капацитетите за образование и истражување во обласа на Политичките науки, и развој на заедничка студиска програма од втор циклус по Политички науки (на англиски јазик) - ИСППИ-УКИМ заедно со Универзитет од Салзбург (како програмски земји во Еразмус+) ја имаат улогата на обезбедување помош при градење на капацитетите на по два универзитети од Ерменија, Грузија и Украина. Партнери во проектот се: Georgian Institute of Public Affair (Координатор), University of Salzburg, Austria, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Yerevan State University, American University in Armenia, Tbilisi State University, University of Lviv, National University of Kiev Mohyla Academy. Научноистражувачки тим во состав: проф. д-р Анета Цекиќ - координатор, проф. д-р Маријана Марковиќ, проф. д-р Панде Лазеревски, проф. д-р Горан Јанев, проф. д-р Бојана Наумовска, доц. д-р Јован Близнаковски, доц. д-р Милка Димитровска.

**Прилози**

Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

Програмата за работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања за периодот 2022-2025 година - линк

Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2021 до 01.10.2022 година - линк

Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2022 до 01.10.2023 година - линк

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје во континуитет ги реализира своите заложба за имплементација на иновации во наставата поддржани со нови технологии, а на оваа цел останува посветен и во Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувањаи

Програмата за работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања за периодот 2022-2025 година. Оваа своја цел ја остварува преку набавка на информатичка опрема и реализација на континуирани обуки и тренинзи на вработените во насока на унапредување на постојните и воведување на нови методи на настава и комуникација со студентите. Целесообразноста на посочените заложба особено дојде до израз во периодот по 2020 година, кога започна користењето на онлајн конференциските платформи, како можности за одржување на онлајн предавања, вежби, консултации и испити. Оваа комуникација со студентите, во некои сегменти се користи и во пост-Ковид периодот во делот на споделување на презентации, материјали и сл.

**Прилози**

Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

Програмата за работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања за периодот 2022-2025 година - линк

Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2021 до 01.10.2022 година - линк

Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2022 до 01.10.2023 година - линк

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Вработените во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје (УКИМ) се должни да го почитуваат Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ кој непосредно се залага за доследна примена на сите етички правила во наставата и научната работа, при што не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијаторство (член 19 и 20) во научноистражувачката работа и во образовниот процес. Институтот особено внимание посветува во делот на магистерските и докторските трудови. Заложбите за стриктно почитување на Етичките норми промовирани во Етичкиот кодекс на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје во делот на плагијаторството еднакво се однесуваат и на трудовите на наставно-научниот кадар. Институтот за социолошки и политичко-правни истражувањане користи софтвер за спречување на плагијатизам, односно за проверка на научните трудови објавени од установата. Сите трудови, посебни публикации (книги, монографии и сл.) и статии се рецензираат од наставен кадар или надворешни експерти од соодветната област.

**Прилози**

Етички кодекс на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје (УКИМ) - линк

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика/документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Научно-истражувачката дејност е стожер на работата на ИСППИ. Институтот е дом на Архивот за податоци од општествените науки во РС Македонија (МК-АИПОН) и една од ретките институции во земјата која има развиено капацитети за архивирање на научни истражувања. Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје предвидува повеќе активности кои треба да резултираат со зголемен квалитет и обем на научно-истражувачката работа во ИСППИ по истекот на петгодишниот период. Ќе се цели да се зголеми бројот на надворешно финансирани научно-истражувачки проекти во ИСППИ (преку зајакнато информирање за повици, обуки за подготовка на проектни апликации и задолжителни апликации како дел од работните обврски), но и да се спроведе застапувачки притисок за значителни промени во буџетските издатоци за наука. Ќе се цели да се зајакне и логистичката поддршка за научни истражувања, библитечната поддршка, како и да се имплементираат активности на лобирање кон целосна операционализација на МК-АИПОН и продолжување на учеството на ИСППИ во ЕОИ. Конечно, ќе се цели и кон зајакнување на истражувачките вештини кај персоналот на ИСППИ преку креирање и имплементација на план за обуки за истражувачки методи.Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје има изграден процес за следење на научно-истражувачката работа на вработените Научно-истражувачката работа на вработените во Институтот се следи на неколку нивоа и тоа секој вработен член на наставнонаучниот и соработничкиот кадар на ИСППИ до раководителот на оделението во кое е распределен и воедно до управата на Институтот доставува годишен предлог-план на научни активности што ќе ги реализира во текот на календарската година, додека на крајот на календарската година секој член на наставнонаучниот и соработничкиот кадар е должен до раководителот на оделението во кое е распределен и воедно до управата на Институтот да достави детален преглед на реализираните научни активности и предглед на резултатите од научноитражувачката работа во тековната година. Во рамки на установата директорот на Институтот еднаш

годишно подготвува Извештај за научно истражувачките активности за тековната година. Извештајот на директорот се разгледува и усвојува на Научниот совет на Институтот. Остварувањата и резултатите на научноистражувачката дејност на ИСППИ со националните развојни цели редовно се следи и забелешките и препораките за унапредување и осовременување на научноистражувачката дејност на Институтот се наведуваат во Стратешкиот план на ИСППИ.

**Прилози**

Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк
Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2021 до 01.10.2022 година - линк
Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2022 до 01.10.2023 година - линк
Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

5.12. Соодветноста и важноста на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје се верификуфа на различни начини и нивоа на соработка, со асоцијации, институции и организации (во земјата и странство).
Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје има потпишано договори за соработка со следните високообразовни установи од странство:
• School of Advanced Social Studies SASS, Nova Gorica, Slovenia – договор за соработка од 30.10.2013 година;
• University of Prishtina "Hasan Prishtina", R. Kosovo; декември 2013 година;
• Бугарска академија на науките, Институт за социологија – договор за меѓусебна соработка, декември 2013 година;
• Jagiellonian University in Krakow, Poland, септември 2014 година;
• European College of Kosovo, септември 2014 година;
• Катедра за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Палацки" во Оломоуц, Чешка, октомври 2009 година
• University of Salzburg, Austria, 2017-2021
• University of Antwerpen, Belgium, Erasmus+ Agreement for mobility, 2017-2021
• University of Malta, Malta, Erasmus+ Agreement 2017-2020/1
• Universita degli Studi di Pavia Erasmus+ Agreement 2017-2020/1
• Universita degli Studi di Firenza Erasmus+ Agreement 2019/2020
• Институт за општествени науки – Белград, Србија
• Western Carolina University (WCU), 2022 година
• Универзитет во Ниш, Србија
• Институт за српска култура Приштина-Лепосавиќ, Косово и Метохија, 2022 година
Институтот остварува меѓународна соработка и преку учеството во:– CESSDA – Consortium of European Social Sicence Data Archives (Конзорциумот на европските архиви на податоци за општествени науки) https://www.cessda.eu/ ESS – European Social Survey (Европското општествено истражување) https://www.europeansocialsurvey.org/
Соработката со високообразовните установи од странство, Институтот ја остварува преку организирање размена на научноистражувачкиот кадар, размена на информации за научноистражувачки проекти, меѓусебна поддршка во подготовка и имплементирање на научноистражувачки проекти, поддршка во организирање на меѓународни работилници, симпозиуми, конференции иконгреси, меѓусебна поддршка во активности од издавачката дејност и др. Мобилноста на студентите е предвидена преку програмите ЕРАЗМУС+.
Усогласеноста на целите, остварувањата и резултатите на научноистражувачката дејност на ИСППИ со националните развојни цели редовно се следи и забелешките и препораките за унапредување и осовременување на научноистражувачката дејност на Институтот таксативно се наведуваат во рамките Стратешки план на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

**Прилози**

| |
|---|
| Институтот остварува меѓународна соработка и преку учеството во:– CESSDA – Consortium of European Social Sicence Data Archives (Конзорциумот на европските архиви на податоци за општествени науки) https://www.cessda.eu/ иESS – European Social Survey (Европското општествено истражување) https://www.europeansocialsurvey.org/<br>Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2021 до 01.10.2022 година - линк<br>Извештај на директорката за работењето на ИСППИ за период од 01.10.2022 до 01.10.2023 година - линк<br>Стратешки план за периодот 2024-2028 на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Активностите кои ги спроведува Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања се финансираат со средства од Министерството за образование и наука и со сопствени средства. Во календарската 2023 година, Институтот на сметката на буџетски средства оствари приходи и расходи во вкупен износ од 26.504.741 денари. Овие средства се обезбедени од Министерството за образование и наука. Институтот континуирано инвестира од сопствени средства за подобрување на активностите за учење и настава во смисла на инвестиции во наставни помагала и инвентар за студенти, збогатување на библиотечен фонд, информатичка мрежа и информатичка технологија, ре/акредитација на студиски програми, овозможување на доволен број на акредитирани ментори и слично. Така, кратко пред извештајниот период Институтот преку реализација на научноистражувачки проект обезбеди поголем број на преносни компјутери за потребите на Институтот односно за реализација на наставната и научноистражувачката дејност.<br>Систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е сеопфатен и ефикасен.<br>Средствата се користат за материјални трошоци за проекти (терен, анкетарска мрежа, превод, објавување трудови, конференции и сл.)<br>Институтот учествува со 15% од сопствени приходи во научноистражувачката работа за 2023 година | |
| **Прилози**<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност<br>1)Финансиски план од претходните од академската година 2023/2024 години –линк 2023; линк 2024<br>2)Податоци за годишни сметки: 603-2020, 603-2021, 603-2022, 788-2020, 788-2021, 788-2022<br>3)Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања- линк | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; |

| мониторинг во установата. | Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
|---|---|

Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема) се соодветни за реализација на студиската програма.

Техничките ресурси со кои располага Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања се ставени на располагање на сите студиски програми кои се акредитирани на институтот. Со оглед на тоа што главна дејност на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е научноистражувачка и наставна дејност (на втор и трет циклус на студии), институтот располага со оптимален простор за изведување на наставна и научноистражувачка дејност од скоро 520 м2. Вкупна површина на објектот: 765,35 м2 Простории за работа со студенти: предавални со површина: 172,53 м2, компјутерска училница - предавална (1): 33,97 м2, кабинети за наставен и соработнички кадар: 306,33 м2, библиотека, читална: 18,35 м2, централни единици (46);монитори (43, лаптопи (47), проектори (3),таблети (35), графоскопи (2); платно за графоскоп (1), електронска табла (1), скенер (2), печатачи (9), факс (1), факс/печатач (1), фотокопир (1), телефони (27); телефонска централа (1); конференциски маси (2); табли за пишување (2), столчиња (вопредавални) (53), канцелариски бироа (32); канцелариски столчиња (28), маси (во предавални) (16), витрини (библиотека) (18); машина за вкоричување (1); метална машина спирали (1)и др.
Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во своето 60годишно постоење континуирано работи на збогатување на библиотечниот фонд со кој располага. Работата на библиотеката во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е од затворен тип и нејзини главни корисници се студентите на постдипломските студии, докторантите и вработените во институтот како и истражувачи студенти на постдипломски студии од другите факултети и институти од областа на општествените науки.
Библиотеката при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања веќе 15 години е дел од COBISS – Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси, а негов највжен дел е COBISS.net (Мрежа на библиотечните информациски системи и информациските системи за истражувачка дејност - www.cobiss.net) кој ги поврзува универзитетските и други библиотеки од 8 земји во регионот: Словенија, каконосителнасистемот, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија, Албанија, Бугарија и Косово. Во него се вклучени 1486 библиотеки од овиеземји. Нашата библиотека е дел од автономниот библиотечно-информациски систем врз платформата COBISS - www.cobiss.mk, меѓу 72-те библиотеки од Македонија (mk.cobiss.net/bibliotekite/). Таа спаѓа во групата високообразовни библиотеки и податоците за неа можат да се најдат на следниот линк: https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/colib/%D0%B8%D1%81%D0%BF%D0%BF%D0%B8?search=colib%3Fquery%3D%25D0%2598%25D0%25A1%25D0%259F%25D0%259F%25D0%2598%26max%3D10%26sort%3Ddef
Преку овој систем професорите и студентите се поврзани со земјите во регионот, каде што имаат можност за размена и зајмување монографии и сериски публикации за потребите на наставно-научниот процес, а воедно се поврзани и со базата на податоци на научни списанија во Европа, како и со Конгресната библиотека наСАД. Како дел од базата на научни истражувачи во Македонија, поврзана со системот COBISS, целиот наставен кадар од Институтот има своја Библиографија на научни трудови која може да ја користи при претставување за апликација за проекти. Оваа база е поврзана со Репозиториумотна УКИМ. Фондот на книги во Библиотека кои се внесени во онлајн системот изнесува 5523 и тој постојано се зголемува. Располага со домашна и странска литература. Поседува книги за кои, при каталогизацијата во системот COBISS, утврдено е дека ги нема ни Конгресната библиотекана САД. ИСППИ од 1975 издава научно списание Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кое во 2013 година прераснува во меѓународно научно списание, ANNUAL of ISPJR. Излегува два пати годишно и читателите можат да го користат по принципот на слободен пристап. Регистрирано е во Creative Commons, се наоѓа во базата CEEOL, и е индексираново Index Copernicus. Вопоследните 5 години набавени се 58 книги како дел од научно-истражувачки проекти. Библиотеката има две компјутерски единици приклучени на интернет. Читалната има вкупна површина од 60 квадратни метри, а бројот на столчиња инесува 50.
Студентите и наставниот кадар имаат пристап до сите ресурси.
Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања не располага со задоволително ниво на достапни ресурси за лица со посебни потреби и установата треба да работи на зголемување на ресурсите за лицата со посебни потреби, особено во делот на аудио-визуелни ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина.
Брзиот развој на информатичката технологија и нејзината широка распространетост овозможува учењето на далечина да биде подостапно. Институтот располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Со оглед на природата на студиските програми (областа и степенот на студии), учењето на далечина е достапно согласно потребите на студентите. Согласно потребите на студентите кои се запишани на студиските програми на втор циклус на студии, дел од активностите предвидени со програмата (презентација на семинарски трудови и/или проекти, консултации со наставниот кадар и/или предавања) може да се реализираат и онлајн. Учењето на

| |
|---|
| далечина се реализира преку ZOOM платформата, на која имаат претплатен пристап сите вработени на институтот, како единица на УКИМ. За време на пандемијата, преку оваа платформа редовно се одвиваа сите активности како предавања, консултации, споделување на материјали во дигитална форма, проекти, презентации на трудови/проекти, усни испити.<br>Дополнително, со воведување на електронскиот систем Iknow на ниво на Универзитетот, голем дел од активностите на студентската служба се онлајн, што овозможува студентите на далечина да пријавуваат предмети и испити, да добијат увид во пријавените и положените испити и слично.<br>Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг на установата.<br>Техничките ресурси на институтот континуирано се мониторираат преку годишни пописи на расположливата опрема (инвентар, информатичка и техничка опрема, итн) на крајот од секоја календарска година. Техничките ресурси исто така соодветно се надградуваат според реалните потреби и финансиските капацитети на установата а во согласност со Програмата за работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања како и годишните планови за јавни набавки. |
| **Прилози**<br>Релевантни документи:<br>1) Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд набавен во последните пет години - Линк<br>2) Податоци за вкупна површина со површина на објектите, списокот на опрема и наставни средства за вршење на дејноста и попис на функционална информатичка опрема се наведени во елаборатите на студиските програми - Сите студиски програми кои ги имплементира Институтот, втор и трет циклус, можат да бидат пристапени на следниот линк: https://isppi.ukim.edu.mk/obrazovanie. |

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/администра-тивните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

| |
|---|
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет<br>Стручно-административната служба во рамки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања е организирана во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на институтот. Помошно/административната служба на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања вклучува 8 лица во редовен работен однос кои ги извршуваат активностите поврзани со правните, финансиските, општите и техничките работи за непречена реализација на дејноста на институтот, како и сите активности кои се опфатени со студентската служба, библиотечното работење, архивското и финансиското работење. Во текот на извештајниот период како и кратко пред тоа, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања се соочи со пензиниорање на значителен број на вработени во стручно-административната служба. Со исклучителен напор на раководството, Институтот успеа да ги пополни испразнетите места со нови вработувања, се со цел непречено и квалитетно извршување на сите активности предвидени со дејноста на институтот. Сепак, како резултат на пензионирање на соработникот за библиотечно работење и неможноста за пополнување на тоа работно место со ново лице, во библиотеката нема вработен, туку работата ја врши самостојниот референт-администратор.<br>Оттука, кадровската екипираност на стручно-административната служба и организацијата на активностите кои ги извршува согласно потребите на институтот (вклучително и студентите на сите циклуси) е соодветна. Исклучок од ова е непополнетото место на Соработник за библиотечно работење, за кое Институтот ќе треба да вложи напори во блиска иднина да добие согласност за негово пополнување. |

| | |
|---|---|
| Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација<br>Стручно-административната служба на Институтот за социолошки и политичко-правниистражувања, тековно и непречено ги опслужува студентите согласно нивните барања и потреби. Имено, земајќи го предвид степенот на студии (втор и трет циклус на студии), повеќето од студентите на институтот се во работен однос а некои и престојуваат во странство. Оттука, вработените лица во административната служба се постојано достапни за електронска комуникација со студентите. Голем дел од консултациите студентите ги добиваат и преку телефон, по нивно барање. Како постојна пракса на институтот е дел од активностите (предавања, испити, презентации, обуки) да се одржуваат и во попладневните часови, особено по барање на студентите кои се во работен однос. Во оние случаи кога активности се организираат во попладневните часови, тогаш стручно-административната служба организира и дежурства.<br>Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен на бројот на студенти на сите видови на студии<br>Помошно/административната служба на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања вклучува 8 лица во редовен работен однос односно по едно вработено лице на следните позиции: Секретар, Советник за настава и наука, Помлад соработник за меѓународна соработка, Советник за ИКТ, Референт за доловно работење, Референт за сметководство работење, , Советник за јавни набавки, Виш соработник и една хигеничарка. . Од вработените лица во стручно административната служба 1 доктор на науки, двајца магистри, три со високо образование и останатите со средно образование. Листата на вработени во помошно административната служба е дадена во прилог.<br>Помошниот и административниот кадар има можност за развој на сопствените компетенции<br>Помошниот и административниот кадар ги развива сопствените компетенции на индивидуална основа преку надградба на формалното образование, како и на организирана основа согласно потребите на институтот, особено во доменот на јавните набавки и материјално и сметководствено работење. | |
| **Прилози**<br>6.3.А. Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните и административните служби<br>6.3.Б. Образовен, родов и старосен профил на вработени во помошните/административните служби | |
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии<br>Во анализираниот период Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања реализираше неколку научноистражувачки проекти и апликативни проекти.За прв пат во нашата држава се спроведуваше Европското општествено истражување. Европското општествено истражување (ЕОИ) е меѓународно истражување за вредностите и ставовите на граѓаните за голем број теми релевантни за современите европски општества. Се спроведува во бранови на секои две години, од 2002 година, во повеќе од 35 европски земји. Оваа година истражувањето се спроведува за првпат и во Република Северна Македонија, а е финансирано од Министерството за образование и наука.<br>Десеттиот бран на цикличното истражување ЕОИ во Република Северна Македонија го реализираше Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, а за успешна реализација на слоевитоста на задачата и различните активности, националниот тим е составен од искусни научници/чки. Многу наши студенти беа вклучени како анкетари и беа подршка за спроведување на анкетата. Национален координатор на проектот е проф. д-р Анета Цекиќ од Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања.<br>Определен број студенти беа активно вклучени во рамките на реализацијата на научноистражувачките проекти Политичко правните и културолошки предизвици во зправување со пандемија, Идентитети, Мапирање на потребите од вештини и знаење на менаџерите на човечки ресурси во ИТ индустријата и Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија, како и во рамките на други научноистражувачки активности, како учество на конференции и вебинари. Така, во текот на 2023 година, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања организираше неколку конференции на кои активно учество земаа и студенти на втор и трет циклус на студии.<br>На втор циклус студии 11,11% се вклучено во научноистражувачки проекти, а на трет циклус студии 33,33% од студентите се вклучени во научноистражувачки проекти. | |
| **Прилози**<br>6.4. Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проекти во изминатите пет години | |

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии и др.<br>Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања не вработува советник за академски развој, со оглед на тоа дека институтот има само втор и трет циклус на студии и повеќето од студентите се веќе во работен однос. Во согласност со одредбите на Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Статутот на Институтотзасоциолошки и политичко-правниистражувања (Универзитетски гласник бр. 449/2019), а со цел остварување на континуитет во соработката со дипломираните студенти на втор и трет циклус на студии, Институтот основа Центар за кариера (Алумни). Центарот за кариера на Институтот (Алумни) има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле студии во Институтот.<br>Во извештајната 2023/24 година еден студент користел специфична форма на поддршка. | |
| **Прилози**<br>Релевантни документи:<br>1) Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) Линк<br>2) Статутот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања Линк | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата<br>Користејќи информации од Iknowсистемот, Институтотзасоциолошки и политичко-правниистражувањаводи евиденција за сите завршени студенти на втор и трет циклус на студии. Истовремено, како резултат на потесната соработка за време на студирањето помеѓу наставниот кадар (особено менторите) и студентите на втор и трет циклус на студии, Институтотзасоциолошки и политичко-правниистражувања ги продолжува контактите и соработката со својата алумни заедница. Институтоттреба да работи на воспоставување на електронски систем за регистрирање на членовите на алумни заедницата, со што ќе се овозможи посеопфатен пристап во реализација на заеднички активности.<br>Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата Дел од целите на Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни) се и активно вклучување на алумнизаедницата во активностите на институтот со што би се овозможило нивно вмрежување за реализација на развојни цели на установата. Активностите вклучуваат зголемување на соработката со алумни заедницата за реализација на научноистражувачки и апликативни проекти; реализација на консултантски услуги за бизнис заедницата; зголемување на бројот на гости предавачи од редовите на алумни заедницата, и сл. Алумни заедницата на Институтот за социолошки и политичко-правниистражувања – Скопје е импозантна, а комуникацијата и соработката со нејзините членови е интегрален дел од организациската култура на установата.<br>Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти<br>Во последните пет години се вработени двајца доценти и двајца асистенти кои се алумни на институтот. | |
| **Прилози** | |
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); |

| | |
|---|---|
| односно негов заменик. Установата ги поддржува оппштествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |
| Студентите непосредно не учествуваат во управувањето на установата, но се вклучени во работата на определени стручни тела и комисии, како што се комисијата за самоевалуација, советот за квалитет и др.<br>Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје, како научен институт во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а во согласност со Законот за високо образование нема Студентско собрание, а со тоа ниту студентски правобранител на ниво на единица. Универзитетскиот правобранител ги застапува правата и интересите на студентите од втор и трет циклус на студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања | |
| **Прилози**<br>Акт во кој е регулирано прашањето за учество на студентите во управувањето<br>1) Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018)Линк | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| Студентите се запознаваат со услугите кои им стојат на располагање на повеќе начини. Најфункционален начин на пристап до информации е преку веб страната на институтот каде студентите можат да ги најдат скоро сите информации кои се однесуваат на студиските програми, распореди на предавања и испити, информации за активности и настани кои се организирани, информации за студентска мобилност, публикации како и организирани меѓународни соработки, конференции, вебинари и слично. Студентите исто така активно ги користат и социјалните мрежи (фејсбук, инстаграм) за добивање на информации за настани кои се организираат на институтот. Дополнително, Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања редовно се влучува во отворен ден на УКИМ и ден за кариерен развиој со свој штанд.<br>На институтот може да се добијат и печатени промотивни материјали кои се однесуваат на студиските програми, структурата на програмите, професорите и слично. | |
| **Прилози**<br>Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање<br>- Линк до веб страната на институтот<br>- Линк до Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб странаЛинк<br>- Линк до информации за студенти<br>- Линк до настани и објави за активности | |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| 7.1. *Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.* | |

| |
|---|
